Секое утро **Утрински брифинг** на www.**slobodenpecat.mk** / www.**slobodna.tv**


# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918


**Дерала**
Докторката во партиска униформа



**Димовски**
Пензионерски противудар на вирусот



макс. дозволено 50 μg/m3

Велес
48 μg/m3
PM 10

mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 2 | 20 |
| Охрид | 2 | 14 |
| Битола | 2 | 14 |
| Маврово | -2 | 7 |

ЧЕТВРТОК 9 АПРИЛ 2020 | Број 1931 | Година VIII | WWW. SLOBODENPECAT.MK 15 денари

Законот за работни односи во вонредни услови
**Стариот одмор ќе се користи до крај на мај, а дел од новиот до крај на јуни**



страница 4

**САД** Порака на републикански кандидат
**Пушките не убиваат вирус, но нема подобри машини против пљачкашките орди**



страница 10

## Последните смртни случаи ја вознемирија јавноста

# Умираат здрави и прави, се преплаши старо и младо!

**Енигма** Тотална енигма е што се случува во Лабуништа и во Струга. Како што Куманово експлодира оваа недела, постои ризик Струга да експлодира за седум-осум дена. На ова предупредувавме пред две недели - вели д-р Игор Николов, кој е на испомош на колегите од Инфективната клиника.



Фотографија **ЕПА / Ѓорѓи Личовски**

## Метју Нимиц: Во Северна Македонија живеат Македонци, кои говорат македонски јазик

● Анализа на поранешниот специјален претставник на генералниот секретар на Обединетите нации, Метју Нимиц, за кого светските медиуми објавија дека е човек кој целата кариера ја посветил на еден збор.



**Гнев во семејството од Тетово**
Татко ми не умре од тумор, ќе ја тужиме болницата!

страница 4



**Градоначалникот на Чешиново -Облешево позитивен на Ковид-19**
Не сум контактирал со политичари повеќе од еден месец

страница 4

# Хроника

Последниот процес од затворањето на македонското прашање ќе бидат билатералните односи и развивање на пријателството со Бугарија, на начин да ни ги тргне сите идентитетски предизвици. Процесот почна со Договорот за добрососедство и од наша и од нивна перспектива мора да се почитуваат вредностите на другиот.

**Никола Димитров**
министер за надворешни работи за „Утрински брифинг“ на СлободнаТВ

**Анализа** Посредникот од ООН, Метју Нимиц за спорот помеѓу Македонија и Грција



↑ Фотографија **ЕПА / NIKOS ARVANITIDIS**

**Метју Нимиц е роден на 17 јуни 1939 година, а на неговиот роденден во 2018 во Нивици беше потпишан Преспанскиот договор**

## 27 години во ОН

• Македонија вчера одбележа 27 години од приемот во Организацијата на Обединетите Нации. На 8 април 1993 година со акламација во Генералното собрание на ОН, земјата стана 181 полноправна членка на светската организација. Поради противењето и притисоците на Грција, која не го прифати тогашното уставно име Република Македонија, зачленувањето во ОН беше направено под привремената референца Поранешна Југословенска Република Македонија.

„Ако членството во ООН во далечната 1993 година беше остварување на нашиот државнички стремеж, денес членството во НАТО и преговорите со ЕУ е остварување на нашиот стремеж Република Северна Македонија да биде рамноправен партнер и сојузник на развиениот демократски свет“, напиша лидерот на СДСМ, Зоран Заев.

# Во Северна Македонија живеат Македонци, кои говорат македонски јазик

**Реприза** Нема гаранција дека контроверзата со името нема повторно да се појави во регионот и да предизвика нови проблеми во иднина, забележува Метју Нимиц во анализата на долгогодишниот спор помеѓу Македонија и Грција и обидите за негово решавање.

Иако беше тешка отстапка, Скопје сепак прифати ерга омнес. Тоа беше жртвата на македонската страна, која за возврат доби отворени врати за влез во НАТО и Европската унија. Но, уште поголема придобивка е глобалното прифаќање на македонскиот идентитет и во тоа не треба никој да се сомнева, вклучувајќи го и јужниот сосед, вели поранешниот специјален претставник на генералниот секретар на Обединетите нации, Метју Нимиц, за кого светските медиуми објавија дека е човек кој целата кариера ја посветил на еден збор, во деталната анализа за Nationalities Papers, академското списание кое го објавува Кембриџ Универзити за Асоцијацијата за студии на националностите, дава детален преглед на спорот и неговото конечно решавање.

Нимиц, кој повеќе од 20 години се обидуваше да ги приближи Македонија и Грција да го решат спорот е роден на 17 јуни 1939 година, точно на денот кога во Нивици на Преспанското Езеро беше потпишан Преспанскиот договор, со кој се стави крај на несогласувањата меѓу Атина и Скопје.

Нимиц во својата детална анализа говори за историскиот контекст на спорот, процесот на преговарање, временското прашање, поставувањето нова рамка за решавање на прашање, како и за обидите да се разбие принципот на аверзија на загубеното и тој да се замени со она што може се добие ако се најде решение.

### Пресврт во 2000 година

Според него, пресвртот во обидите да се реши спорот се случил кон крајот на 2000 година, кога Атина ја прифатила идејата дека името што ја вклучува Македонија ќе биде прифатливо ако во себе содржи соодветна географска одредница. Кога премиерот Зоран Заев во 2017 година, вели Нимиц, посочи дека вакво нешто може да биде прифатливо и за Скопје, со оглед на решавањето на сите други прашања, вклучително и заштита на идентитетот на македонскиот народ – почна да се назира основата на договорот.

- Во мојот пакет предлози од 17 јануари 2018 година, кои ги иницираа последните и успешните рунди преговори, од двете страни беше побарано да земат предвид пет имиња – Северна Македонија, Горна Македонија, Македонија-Скопје, Вардарска Македонија (реката Вардар поминува низ земјата) и Нова Македонија, потсетува Нимиц.

Додава дека Атина најнегативно гледала на предлогот Македонија-Скопје, бидејќи стравувала дека со текот на времето тоа Скопје ќе исчезне, а Северна Македонија, пак најнеблагонаклоно гледала кон предлогот Нова Македонија. Тоа било од различни причини, а како што наведува Нимиц, делумно и поради тоа што идејата за „нова“ Македонија подразбирала „дека тие беа новодојденци во регионот и со тоа имаа помалку легитимна врска со него“.

Конечно Скопје се определи за Република Северна Македонија што доведе и до Преспанскиот договор, а со него се појавија и прашањата за обемот на употребата на името.

- Како посредник уште пред повеќе години инсистирав новото име да се користи во меѓународната комуникација, а за внатрешна употреба да си остане Република Македонија. Има повеќе такви случаи во светот, системи на двојно име Финска/Суоми, Ирска/Еире, Албанија/Шиприа, дури и Грција самата го користи името Грција за меѓународна употреба, а внатрешно го користи името Хелас. Системот со двојно име ќе имаше предност поради тоа што ќе биде прифатен од јавноста. Грција бараше ерга омнес – едно име за секаде. Јас постепено го прифатив тоа поради три причини: Грците не би продолжиле понатаму без ерга омнес, двете имиња може да доведат до расправии дали некоја комуникација е домашна или меѓународна и трето беа аспирациите на Скопје да стане дел од ЕУ, а во рамките на ЕУ ќе постои вистинска разлика на тоа што е домашно, а што заедничко во ЕУ - вели Нимиц, кој нагласи дека иако беше тешка отстапка, Скопје сепак прифати ерга омнес.

### Славата за Заев и за Ципрас

Тоа беше жртвата на македонската страна, која за возврат доби отворени врати за влез во НАТО и Европската унија.

- Но, уште поголема придобивка е глобалното прифаќање на македонскиот идентитет и во тоа не треба никој да се сомнева, вклучувајќи го и јужниот сосед - вели Нимиц, потенцирајќи дека е заштитен македонскиот идентитет и македонскиот јазик.

Нимиц напоменува дека во текот на преговорите но и по донесувањето на Договорот на моменти имал чувство дека има граматичка улога, бидејќи сега решението за името требало да се примени во пракса, во именувањата, а особено прашањето во која форма да се користат придавките, со оглед на тоа што македонската страна изрично беше против придавката северномакедонски.

- Со Договорот од Преспа се стави клуч на македонскиот идентитет на граѓаните, а лидерите можеа самоуверено да го уверат својот народ дека е признат како македонски, дека тие ја постигнаа својата главна цел во преговорите: признавањето на нивниот национален идентитет - посочува Нимиц.

Во анализата напоменува дека преговорите биле во рацете на двајца извонредни министрите за надворешни работи, поранешниот грчки министер за надворешни работи Никос Коѕијас и шефот на дипломатијата на Северна Македонија Никола Димитров.Но, додава дека на крајот заслугата им припаднала на двајцата сега поранешни премиери, Заев и Ципрас.

- И двајцата премиери беа млади (имаа по 44 години на денот на потпишување на договорот) и претставуваа една нова генерација на Балканот. Успехот кој беше постигнат во двете земји, треба да се напомене дека беше можен поради ефикасното политичко лидерство и мобилизацијата на поддршката. Според мислењето на мнозумина овие двајца млади балкански лидери поставија пример со долгорочна визија, за носење тешки одлуки под притисок и храбро лидерство, што многу малку глобални лидери изгледа се способни да го сторат денес - вели Метју Нимиц.

**Кризата ги менува плановите.**

## Одложен самитот ЕУ-Западен Балкан во Загреб

Хрватското претседателство на Советот на Европската Унија одлучи да ги одложи сите состаноци и конференции до 15 мај, вклучувајќи го и Самитот ЕУ-Западен Балкан, за да се ограничи ширењето на пандемијата Ковид-19.

Самитот ЕУ-Западен Балкан беше предвидено да се одржи во Загреб на 7 мај и на него Македонија очекуваше да добие и формална потврда на претходната одлука да почне пристапни преговори за членство во Унијата.

Според соопштението објавено на веб-страната на Претседателството, сега во договор со претседателот на Европскиот совет Шарл Мишел ќе се бара нов термин за одржување на Самитот, тогаш кога ќе го дозволи тоа ситуацијата со корона кризата. „Алтернативно, во неможност да се одржи физички состанок, ќе се предложи состанокот да се одржи со помош на видео врска (до крајот на хрватското претседателство)“, се вели во соопштението.

**Столтенберг - Пендаровски.**

## НАТО ќе им помага на сите земји членки

Генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг во телефонски разговор го информирал македонскиот претседател Стево Пендаровски дека НАТО продолжува да се бори против пандемијата со коронавирусот.

Столтенберг истакнал дека сите сојузници погодени во кризата ќе ги распределат ресурсите со цел да им помогнат на оние кои имаат потреба, вклучувајќи ја и Северна Македонија. „Ја поздравувам поддршката од неколку сојузници на НАТО кон нашата нова членка Северна Македонија. Ова е сојузничка солидарност која стапи во акција“, рекол генералниот секретар на НАТО.

Во оваа билатерална помош Унгарија обезбеди 100 илјади маски, 5 илјади заштитни костуми за Северна Македонија, а Словенија обезбеди 100 илјади хируршки и 100 илјади заштитни маски. Преку Холандија, Северна Македонија ќе добие дополнителни тестови за Ковид-19. Американската амбасада со 1,1 милиони долари ќе ја помогне земјата, а Норвешка донираше медицински материјали во вредност од 180 илјади евра. Во моментов се користи теренската болница од Норвешка, со тоа се зголеми капацитетот на Клиниката за инфективни болести, се вели во соопштението на НАТО.

**Помош.**

## Маски и скафандери од Турција и од Бугарија

Турција испрати помош во медицинска заштитна опрема и реквизити за земјите од Западен Балкан. Донацијата за Македонија се состои од 50.000 медицински маски, 1.000 скафандери и 1.000 дијагностички теста.

Помошта ја финансира министерството за здравство на Турција на барање на турскиот претседател Реџеп Таип Ердоган, а за транспортот е задолжена армијата. „Зад безнадежноста постојат многу надежи, зад темнината постојат многу сонца“, гласи пораката на пратките.

Бугарскиот премиер Бојко Борисов најави дека ќе испрати стотина парчиња заштитна облека (скафандери) за Северна Македонија, јави БГНЕС. „Нарачав да се испратат стотина скафандери за нашите браќа во Северна Македонија. Да им испратиме на лекарите кои се во првата борбена линија. Лесно е да кажуваш браќа сме, ама браќа се познаваат кога ти е тешко. Кога ти умира народот“, рече Борисов.

**Ковид-19** Последните смртни случаи ја вознемирија јавноста



# Умираат здрави и прави, се преплаши старо и младо!

**Трагично** Пациентот од Кочани на 40-годишна возраст, кој почина во понеделникот, бил целосно здрав, а според кажувањето на матичниот лекар, антибиотик не пиел уште од 2017 година.

**Мими Шушлеска Петкова**

Веста дека од коронавирус починал 40-годишен пациент што нема никакви други заболувања, па дури и не примал никаков антибиотик од 2017 година, ја вознемири јавноста. Како пациентот бил лекуван, има ли некаков пропуст, се првите прашања што се поставуваат. Од Министерството за здравство велат дека пациентот од Кочани првпат ги добил симптомите на 27 март годинава, а два дена подоцна, по повик на итната медицинска помош од матичниот лекар, земени се брисеви за тестирање од коронавирус.

„На Инфективната клиника во Штип е однесен со влошена состојба, а на 31 март пристигнале и резултатите, кои биле позитивни. Во Скопје на Инфективната клиника бил префрлен во среда на 1 април, додека пак на респиратор бил ставен два дена пред да настапи смртта. Пациентот немал хронична болест и по кажувањето на матичниот лекар, не примал никакви антибиотици од 2017 година“, соопшти ресорното министерство.

Зошто пациентот не бил порано донесен на Инфективната клиника во Скопје? Зошто резултатите се чекале три дена? Можел ли да се спречи фаталниот исход кај млад и здрав човек? Тоа се прашања на кои Министерството не дава одговор.

Директорката на Санитарниот и здравствен инспекторат Ирина Бухова вели дека досега постапиле по неколку случаи поврзани со смртен исход кај пациенти со коронавирус и повеле постапки. Дали ќе го истражуваат и овој случај, ќе информира дополнително.

За случајот со починатата родилка од Охрид, за која постоеше сомневање дека има коронавирус, утврдено е прекршување во однос на оневозможување здравствена заштита на пациент, а се однесува на здравствен работник што бил дежурен во времето кога пациентката е донесена на преглед. Разрешена беше и директорката на охридската болница.

> **За случајот со починатата родилка од Охрид, за која постоеше сомневање дека има коронавирус, утврдено е прекршување во однос на оневозможување здравствена заштита на пациент, а се однесува на здравствен работник што бил дежурен во времето кога пациентката е донесена на преглед.**

За овој случај ќе се поведе и прекршочна постапка против инфектологот и директорката. Тие одбиле да го примат решението од Санитарниот инспекторат. Документите ги побарало и Јавното обвинителство, кое треба да утврди дали има кривична одговорност.

– Во уште еден случај исто така е утврден пропуст, но за тоа ќе се информира дополнително. Има многу надзори, ќе ги спроведеме сите, но не може сè одеднаш – вели Бухова.

Паѓа во очи и тоа што од вкупно 28 заболени во Струга, има тројца починати од Лабуништа. Исто така, имаше и неколку случаи во кои болниците во внатрешноста одбиваа да примат пациенти со симптоми на ковид-19. Кај некои пациенти дијагнозата за инфекција со коронавирусот е поставена дури откако настапила смртта, што исто така го отвора прашањето на одговорност.

– Тотална енигма е што се случува во Лабуништа и во Струга. Како што Куманово експлодира оваа недела, постои ризик Струга да експлодира за седум-осум дена. На ова предупредувавме пред две недели – вели д-р Игор Николов, кој е на испомош на колегите од Инфективната клиника.

## Нема опрема, нема „Бел план“, затоа има хаос

• Во моментов, најголемиот проблем претставува несоодветната опременост на персоналот кој е во примарниот контакт со пациентите, вели д-р Николов, привремено ангажиран на Инфективната клиника.

- Персоналот, доколку не е соодветно опремен или не ја користи соодветно опремата, нема да постапува соодветно со пациентите и со тоа се појавува ризик за дополнителни компликации на состојбата на болните. Министерството нема јасно дефиниран план т.н. „Бел план“ за постапување и упатување на пациентите и нивна соодветна изолација, карантинизирање или хоспитализација. Одлуките се носат „ад хок“, така што пред два дена разбравме дека Клиничката болница во Битола ќе била регионален центар за лекување на ковид-19, а до пред 10 дена информациите велеа дека Охрид ќе биде регионален центар – вели Николов.

Тој потсетува дека во Битола има само два функционални респиратори, а персонал ќе треба веројатно да се повлече од околните болници како Прилеп или Охрид.

**Хелсиншки комитет.**

## Продолжува системската дискриминација на Ромите

**Дискриминацијата врз основа на етничка припадност, боја на кожа и маргинализирана група е длабоко вкоренета во општеството и државата не успева да преземе активни мерки за нејзино спречување.**

• Ромите и понатаму се соочуваат со континуирани тешкотии во остварувањето на правата во речиси сите области на општественото дејствување, соопшти вчера Хелсиншкиот комитет за човекови права во земјава по повод Меѓународниот ден на Ромите.

„Нема промена и подобрување ниту во имплементирање на активностите од важечката Стратегија за Ромите, затоа што државата и понатаму не успева да обезбеди целосно и ефикасно спроведување на Стратегијата, која се наоѓа во последната година од својата важност,

„Во изминатата година, кон Ромите беше регистрирана системска дискриминација, особено во непристапноста кон јавните услуги и добра, како што се на пример случаите на недозволување пристап на Ромите во пливачките базени. Ромите се соочуваат со нееднаков пристап и третман, а се уште постои дискриминација и во однос на здравствени услуги и здравствената заштита“, наведува Хелсиншкиот комитет.

Комитетот додава дека дискриминацијата врз основа на етничка припадност, боја на кожа и маргинализирана група е длабоко вкоренета во општеството и државата не успева да преземе активни мерки за нејзино спречување.

„Имајќи предвид дека последиците од вонредната состојба особено можат да ја погодат ромската заедница, како на социјален, така и на економски план, од институциите и Владата очекуваат специфични мерки за помош и солидарност со Ромската заедница“ - укажува Комитетот.

По повод 8 Април – Меѓународниот ден на Ромите, симболично во Тетово беше поставено знамето на ромската заедница на јарболите пред општинската зграда.



**Потресно** Тага и гнев кај семејството на починатиот тетовец

# Татко ми не умре од тумор, ќе ја тужиме болницата!

Се јавив во Институтот за јавно здравје, им ги кажав симптомите, но ми рекоа дека не можат да го тестираат. Рекоа, штом бил хоспитализиран во Козле, од таму треба да побараат тестирање. Се јавив и во Козле, ми рекоа дека тоа не е нивна обврска. Се обидував да им објаснам, но залудно, раскажува низ солзи Наташа.



**Елизабета Дамјаноска -Спасеновска**

На селските гробишта во тетовско Фалише завчера напладне беше погребан 65-годишниот Зоран Апостоловски, кој почина откако во Заводот за рехабилитација во Скопје беше инфициран со вирусот ковид-19, најверојатно од некој од вработените. На погребот на овој пензиониран трговец, не присуствуваа неговите најблиски. Неговите ќерка и сопруга, кои живееле заедно со него, се исто така позитивни на вирусот, и поради безбедносни мерки не им било дозволено да го испратат својот татко и сопруг на последното патување.

- На 23 март татко ми го пуштија од Заводот за рехабилитација Козле. Тој таму беше поради доживеан мозочен удар во октомври лани. Откако состојбата му се влошила, бил однесен на гастро, таму пак рекле дека овој пациент е со температура, не е за тука. Носете го повторно во Козле. Во Козле не сакаат ни да слушнат да го примат назад. Татко ми си дојде дома, но за кратко – ја раскажува ќерката Наташа потресната голгота на нејзиниот татко.

Таа вели дека молела да му се направи на татко ѝ тестирање за коронавирус, бидејќи ги имал сите симптоми, но никој не сакал да го тестира, а со тоа ги изложил на ризик и другите членови на семејството.

- Се јавив на бројот на Институтот за јавно здравје, им ги кажав симптомите, но ми рекоа дека не можат да го тестираат. Рекоа, штом бил хоспитализиран во Козле, од таму треба да побараат тестирање. Се јавив и во Козле, ми рекоа дека тоа не е нивна обврска. Се обидував да им објаснам, но залудно, не побараа тестирање за татко ми. Состојбата му се влоши, не можеше да дише. Се јавивме во Центарот за јавно здравје, ни рекоа носете го на Инфективна - раскажува 33-годишната Наташа, по образование правник.

Зоран бил однесен со возило на Брза помош во Скопје, без придружба на лекар, спротивно на сите протоколи. Потоа следувала дезинфекција на нивниот дом и тестирање на членовите од семејството, по што Наташа и мајка ѝ добиле резултати што покажале дека се позитивни на коронавирус.

Таа е уверена дека татко ѝ го добил вирусот од вработените во Козле, поточно од болничарот што носи храна и од физиотерапевтот.

- Сигурна сум дека болничарот и физиотерапевтот се позитивни на вирусот. Татко ми од нив се зарази. Не е точно дека вирусот му е пренесен од некој кој доаѓал на посета, бидејќи на посета беше само мајка ми и тоа само еднаш, кога ѝ било побарано да му однесе пелени и да му направи хигиенска нега – вели Наташа.

Таа ги отфрла тврдењата дека нејзиниот татко имал тумор на мозокот.

- Остро ја демантираме изјавата на министерот за здравство Венко Филипче дека татко ми имал тумор на мозокот. Единствено е точно дека пред 33 години беше опериран од тумор на мозокот, по што до сега живееше нормален живот – истакнува Апостоловска.

Семејството на починатиот најавува дека ќе поведе судска постапка против болницата и против лекарите.

- Подготвени сме да се соочиме со нефункционалниот здравствен систем. Бараме обвинение за лекарите што ја потпишале отпусната листа и дома испратиле болен човек, со тешка клиничка слика, што е потврдено сега и со негова смрт. Ќе поднесеме тужба и за болницата бидејќи не ги почитувала прописите за време на епидемија, со што го загрозила животот на татко ми, а на нашето семејство му предизвикаа болка – вели Наташа.

1

**Подготвени сме да се соочиме со нефункционалниот здравствен систем.**

**Ќе поднесеме тужба и за болницата бидејќи не ги почитувала прописите за време на епидемија, со што го загрозила животот на татко ми, а на нашето семејство му предизвикаа болка – вели Наташа.**

**Чешиново**Облешево Градоначалникот Горанчо Крстев позитивен на ковид-19

## Не сум контактирал со политичари повеќе од еден месец

**Откако дознал дека фризерот е позитивен на коронавирус, веднаш закажал два термина за тестирање, најнапред во приватната клиника „Систина“, а потоа во приватната клиника „Жан Митрев“. Вториот тест испаднал позитивен.**

**Мирослава Бурнс**

Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево, Горанчо Крстев, е позитивен на коронавирус.

Тој вели дека бил да потстрижување кај сега починатиот фризер од Кочани на 23 март. Откако дознал дека фризерот е позитивен на коронавирус, веднаш закажал два термина за тестирање, најнапред во приватната клиника „Систина“, а потоа во приватната клиника „Жан Митрев“.

– Многу луѓе таму си одиме на потстрижување со години. Од каде да знам дека може да биде позитивен? Бог да го прости човекот. И видете сега, тоа не е за криење, ние дури на 1 април разбравме дека е позитивен на тестот. Истиот ден, на 1 април, се ставив во изолација сосе целата фамилија. Не одев на работа, почнав да вртам на телефоните. Најбрзиот рок ми беше во „Систина“. Отидовме со жена ми и на двајцата резултатот ни беше негативен. Во исто време ѕвонев и во „Жан Митрев“ и тие ми закажаа. Вчера беше терминот во „Жан Митрев“. За среќа, отидов и на тоа тестирање. Сабајлево ни дојдоа резултатите, позитивни. Температура немам, немам никакви симптоми. Во последниот месец не сум контактирал со политичари. Дадов налог сите вработени во Општината да одат во самоизолација. Не сум бил во Скопје повеќе од еден месец освен за тестирањето – раскажува Крстев за „Слободен печат“.

Тој вели дека многу го вознемирило тоа што некои медиуми ги вмешале неговите деца во случајот, што е недозволиво.

- Не се плашам. Ако не дај Боже нешто не ми е добро, ќе одам на лекар, има добар медицински кадар, ќе ме лекуваат ако дојде до тоа - вели градоначалникот Крстев

> Несфаќањето на важноста на творештвото, уметноста и културата, воопшто, токму во овие карантински денови само ќе ја зацврсти социо-психолошката криза на општеството, кое и онака се наоѓа на работ на колективна хистерија
>
> **Ѕвездан Георгиевски**

# Трибина

## ТОП TWEET



**Иљче Затаракоски**
Да знаете дека на почетокот на кризава, овие што сега ни воведуваат мерки си држеа конгреси и собири во партија?! И едните и другите.



**Војче Китановски**
Дупки во селената. Дупки во асфалтот. Дупки во меморијата. Дупки во биографијата. Дупки во законот. Дупки во буџетот. Дупчењето продолжува.



**Александар Дојранлиев**
Кажете некој добар митинг за гледање. Фала!

**Избор колумни.**

# И такви некои слични итромански глупости



**Сашо Ордановски**
Цивил медија

Некои работи со коронава ме оставаат збунет...

Ги гледам најновите статистики: Шведска е држава со десетина милиони жители, има близу 8.000 заразени и околу 600 починати... Во Данска, со 5,8 милиони жители, има 5.000 заразени и повеќе од 200 починати... Во Норвешка, пак, со 5,3 милиони жители, досега се констатирани околу 6.000 заразени и 90-ина починати...

Не ме мрзеше – а и не знам зошто, деновиве за дембелеење некако имам екстра време по дома – седнав да ги прегледам завчерашните насловни страници (thepaperboy.com) на главните весници во овие земји (тарашкав малку со гугл-транслејт, а малку и со научниот одокативен метод). Констатирав една неочекувана, а по малку и запрепастувачка работа: темата за состојбата со вирусот ја нема во ниту еден ударен наслов на тамошните главни весници, нема ни видливо објавени бројки за заразени или починати, иако на едно-две места, онака патем, ја забележав фотката на британскиот премиер Борис Џонсон (претпоставувате зошто)... Уште повеќе, верувале или не, немаше објавена ниту една „болничка“ или „доктори-во-скафандери“ фотографија на дваесетината прегледани насловници!

Хмммммммм... Не знам што им се случува на тамошните телевизии (таму, секако, нема вечерни вести што траат по 30-40 минути, по кои следуваат општествено-политички дебатни ТВ-софри од по саат-два, паралелно на 5-6 канали!), а уште помалку знам што имаат по нивните инфопортали и социјалните мрежи, но ако се весниците некаква мерка за состојбите, северњациве баш делуваат ладнокрвно како оптегнати пингвини на антарктичко ледено сонце!

Не се ова којзнае колку поголеми земји од Македонија (на пример, намерно не ја земав Холандија предвид, која со 17 милиони жители ми се виде „преголема“ за споредба со нас, а таму има повеќе од 20.000 заразени и повеќе од 2.100 починати), иако нивните здравствени системи се „небо и земја“ во споредба со нашите медицински капацитети. Па, сепак, дури и најповршно земено, во објективните споредбени податоци, нашата земја, па и поголемиот дел од Балканот, воопшто, стои очигледно подобро со справувањето со вирусната криза (со неопходната додавка: до сега!)

Меѓутоа, овдешните општествено-политички дебати за состојбите со заразата, по сите можни платформи и медиуми, се на врвот од прстите и на работ од нервите, со комбинација на библиски и куплерајски речник, во кои цинизмот и омразата се како океан од киселина во кој се раствора и најдебел челик, а не пак здравиот разум на аргументите на неистомислениците.

> Замислете каква би била атмосферата да имаме ние не 600 потврдени, туку три или четири илјади заразени; и не 30, туку 300 починати!? Претпоставувам дека по телевизиските студија би се одело на дебати со исукани јатагани, а надлежните епидемиолози барем вербално ќе ги бесевме по градските плоштади.

Замислете каква би била атмосферата да имаме ние не 600 потврдени, туку три или четири илјади заразени; и не 30, туку 300 починати!? Претпоставувам дека по телевизиските студија би се одело на дебати со исукани јатагани, а надлежните епидемиолози барем вербално ќе ги бесевме по градските плоштади.

Се разбира, донекаде се неумесни овие општествени „дебатни“ споредби што се обидувам да ви ги понудам како ментална занимација за во слободно време. Па, не можат да се споредуваат баби и жаби, јаболка со портокали и Нордијци со Балканци... Нам крвта ни врие и кога се расправаме за временска прогноза, а не пак за прашања од омилениот кафеански домен за животот и смртта.

Ќе ни кажувал нам Филипче дома да сме седеле, вака било, така било! Мене татко ми дома не ме додржал, па не некоја корона таму – ти да седиш дома, суртук еден, јас и ако се гине, сакам слободен да умрам, утре да не ме заебава кој како ќе стигне! Што е, што ме гледаш?!...

И такви некои слични итромански глупости. Ма, што знаат Норвежани што е имунитет со пензионерско гнетење пред банка!

**Став.**



**↓Џабир Дерала**

# Докторката во партиска униформа

> Нелоска во своите јавни настапи раскажува сказни за војната против коронавирусот, но самата е во поинаква војна - пропагандна. Нејзините мотиви се далеку од тоа да се приклучи во војната против коронавирусот, иако е медицинско лице. Наместо тоа, д-р Нелоска ја злоупотребува својата професија за партиски цели.

Навидум добронамерна докторка, со совети за чекори што и онака се подразбираат и секако се преземаат, во услови на здравствен систем што го разори нејзината партија, д-р Ленче Нелоска тргна во борба против своите колеги, оние што деноноќно се на првите линии на фронтот за одбрана на здравјето на луѓето.

За кого станува збор? Д-р Ленче Нелоска, дерматолог, била и на одговорни функции за време на режимот, се обиде да се претстави пред јавноста во најдобро светло. Нејзиното обраќање на социјалните мрежи и пред камерите е добро осмислено, со низа отворени, но и исто толку прикриени пораки. Се разбира, нејзиниот пост на Фејсбук пред две недели веднаш најде свое место во партиските гласила на ВМРО-ДПМНЕ, а по нејзиниот настап на Топ-тема, ја цитираат и низа други медиуми.

Оваа докторка може да добие и прекар Магелан, бидејќи „откри“ дека светот е во војна со коронавирусот. Таа во своите, нималку наивни јавни настапи „предупредува“ дека со вакво управување со здравствената криза, нè очекува италијанското сценарио. Ви текнува? Нејзината партија би била подобра.

Оваа госпоѓа пишува и зборува, но и не кажува доволно. А тоа што не го сподели со јавноста се нејзините фотографии со врвот на партијата што ја зароби државата и „патем“ го уништи здравството, како и со напаѓачи (и нивните водоносци) на Собранието на 27 април 2017 година.

Нелоска во своите јавни настапи раскажува сказни за војната против коронавирусот, но самата е во поинаква војна - пропагандна. Нејзините мотиви се далеку од тоа да се приклучи во војната против коронавирусот, иако е медицинско лице. Наместо тоа, д-р Нелоска ја злоупотребува својата професија за партиски цели.

Нејзиниот лидер на пресови раскажува дека не е време за политикантство, а сè што прави е чиста манипулација и валкана пропаганда. Така и таа држи лекции што треба да направат здравствените власти во земјава, а во суштина работи на тоа тие власти да доживеат неуспех, за нејзината партија да добие предност. По цена на мирот, здравјето и животот на луѓето, таа се впушта во пропаганда што не значи ништо, освен политичка пресметка со ниски удари. Повторно на сметка на здравјето и животот на луѓето.



I ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ I

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.** **WWW.SLOBODENPECAT.MK**

Датум на печатење: 8.4.2020 | **Тираж: 7.300 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**

Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ,**
**СРЃАН ИВАНОВИЌ,**
**МИТКО БИЉАНОСКИ,**
**КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА,**
**ВИОЛЕТА КОСТОВСКА,**
**ИВАНА НИКОЛОВСКА**
Лектор
**ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)
**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

СТАВ



Мендо Димовски

# Пензионерски противудар на вирусот



Државата реагираше со сет мерки и одлуки и ги вклучи сите расположливи интелектуални и материјални капацитети, што се покажа добро во забавувањето на ширењето и прогресот на вирусот. Но никој не знае и не може да претпоставува што нѐ очекува во наредните денови (или месеци)?! Не треба да се шири паника, но добро е да постои страв и тој да се управува со разумот. Во спротивно, поголем е стравот од нестравот, демек не се плашиме од вирусот и ќе бидеме поштедени?! Тоа може да нѐ одведе во друга крајност и короната да си го „наплати данокот“. Разумно е да имаме страв и од пикот што сѐ уште не е достигнат, а спасот е во забавеното покачување кон врвот поради зачувувањето на системот и подготвеноста за пружање помош на заболените од вирусот. Но, да ги оставиме ваквите предвидувања и да им ги препуштиме на стручњаците.

Оваа несреќа може да се надмине или барем значително да се намали со целосното придржување и исполнување на мерките на Владата. Тука бездруго се вбројува и нашиот поединечен придонес во попречувањето на падот и закрепнувањето на економијата. Меѓутоа, на кое поле да се ангажираме и каков придонес да дадеме ние пензионерите, кои навистина сме под лупа и на нишан на коронавирусот?! Многу вакви прашања, иницијативи и размислувања можат да се прочитаат и видат на социјалните мрежи, во печатените и електронските медиуми. Згора на тоа, има забелешки за неадекватната и ненавремена реакција на некои раководни структури од Сојузот и здруженијата на пензионери на Македонија, а посебно за недоволната и несоодветна информираност на членството.

Во тој контекст може да се набележи реакцијата и препораката на Партијата на пензионери до раководствата на сојузите и здруженијата на пензионери во Македонија да покажат високо ниво на солидарност и да се откажат од месечните надоместоци како личен пример и придонес во надминување на состојбите поврзани со коронавирусот. Вакви иницијативи и предлози се појавија и од поединци пензионери, нудејќи конструктивни предлози без реперкусии по квалитетот на животот на пензионерите. Посебно внимание привлече предлогот за доброволно месечно издвојување од пензијата по едно евро од секого, исклучувајќи ги пензионерите со најниски примања, со што би се собрала значителна сума финансиски средства наменети за хуманитарни цели. Ако се има предвид бројот на 320 илјади пензионерите (320.000 евра) и на таа сума пари да се додадат надоместоците на раководните и другите ангажирани лица, па доброволно издвоениот дел од членарината (околу 9.600.000 денари месечно), додавајќи врз тоа и други доброволни издвојувања од големите заштеди на СЗПМ и поголемите здруженија на пензионери, цифрата би била мошне респектабилна.

Сепак, ова се само предлози и желби на информирани, реални и праведни пензионери, кои ја согледуваат состојбата и бараат чаре за излез од ваквата ситуација. Битката претстои, а пензионерите навистина ќе покажат кој досега војувал и какви победи извојувал?!

> **Ако се издвои од пензијата по едно евро од секого, исклучувајќи ги оние најниските, од 320 илјади пензионери, тоа се 320.000 евра месечно, плус надоместоците на раководните, потоа доброволно издвоениот дел од членарината и издвојувања од заштедите на Сојузот, бројката би била респектабилна.**

# 5Г во Македонија: Пчелите умираа и во Бекирлија каде што нема најобичен телефонски сигнал



**Стојан Синадинов**
Вистиномер

Се сеќавате ли на „Медена земја“? Документарниот филм на Тамара Котевска и Љубомир Стефанов за одгледувачката на диви пчели Атиџе Муратова? Пред само два месеца нацијата беше горда на успехот на овој филм, со повеќе од 40 награди во целиот свет и две номинации за престижната награда „Оскар“...

Секако дека не сте го заборавиле овој филм толку бргу. Во него една од највпечатливите сцени, која стана и мото на филмот, е мантрата на Атиџе во собирањето на медот од „нејзините“ диви пчели: „Пола за мене, пола за пчелите!“. Таа еколошка рамнотежа ќе биде нарушена кога во зафрленото село Бекирлија, во Овчеполието, ќе се досели многубројното семејство на Хусеин Сам. Тој ја гледа активноста на Атиџе, и самиот започнува да собира мед од пчелите, но проблемот настанува кога под наговор на прекупецот сака да земе малку повеќе од пола. Кога зема сѐ, настанува помор и на неговите и на пчелните кошници на Атиџе: илјадници и илјадници мртви пчели насекаде...

Овој малку подолг вовед е инспириран од фотографијата која стои на најновата петиција што последниов период кружи на интернет против инсталирањето на 5Г мрежата во Македонија. Во првиот случај, убаво опишан во „Медена земја“, се работи за човековата алчност. Дали во вториот случај се работи за една од многубројните теории на завери, или, пак, навистина 5 Г телекомуникациски мрежи се штетни по здравјето на луѓето и живиот свет во околината?

> Секоја технолошка новина, по правило, колку што има приврзаници, толку раѓа и разни конспирации за можната штетност.

„Според сите достапни информации, ниедна телекомуникациска компанија во светот нема презентирано релевантна студија од која недвосмислено ќе се види дека 5Г технологијата на ниеден начин не го загрозува здравјето на луѓето и нема никакви негативни последици по животинскиот и растителниот свет. Напротив, има безброј примери и докази за негативни последици по здравјето на луѓето и загрозување на животните и растенијата. Сведоци сме на секојдневен помор на пчели, птици, насекаде низ светот, луѓе заболуваат од тешки болести во областите во кои веќе е инсталирана и ставена во функција 5Г-технологијата. Да се освестиме додека уште има време. Да не дозволиме да нѐ залажуваат со наводните придобивки од воведувањето на 5Г..., пишува, меѓу останатото, во петицијата.

Но, дали сите достапни информации го тврдат токму ова, а во последниве денови дури се поврзува и инсталирањето на 5Г мрежите со појавата и ширењето на коронавирусот? Напротив.

Угледниот медиум Би-би-си, по палењето на неколку бандери на кои биле инсталирани 5Г-уредите во Бирмингем и Мерсисајд, можната поврзаност меѓу 5Г мрежите и коронавирусот ја нарекува комплетна глупост.

Симон Кларк, високорангиран медицински експерт од Обединетото Кралство, за идејата дека 5Г го намалува природниот имунитет на луѓето вели дека е неверодостојна. „Вашиот имунолошки систем може да биде под влијание на разни работи – со тоа што сте биле уморни или сте немале добра диета. Овие флуктуации не се огромни, но можат да ве направат повеќе подложни на фаќање вируси“, вели д-р Кларк.



И редица други угледни медиуми се на ставот дека стравот од негативното влијание на 5Г-технологијата е неоснован. Станува збор за извештаи од неколку земји во Европа и светот.

Кај нас, пак, Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) уште пред крајот на минатата година објави експертски извештај околу можното негативно влијание на 5Г-мрежата врз здравјето на луѓето и околината. Анализите на АЕК покажале дека нема простор за загриженост.

Секоја технолошка новина, по правило, колку што има приврзаници, толку раѓа и разни конспирации за можната штетност.

И, повторно, да се потсетиме на „Медена земја“: Атиџе собира мед на старински начин, би рекле со античка технологија. Во еден момент во филмот – за многумина најпотресен – таа е радосна кога со примитивна антена успева да фати сигнал на нејзиниот стар радиоапарат, од оние со батерии. Во нејзиното пусто село Бекирлија, сигнал од мобилен телефон може да се фати само ако се качите на брдото над селото, а дотаму ви треба половина час пешачење.

Пешачењето е здраво, особено во чиста природа, но, во секој случај, и технолошките напредоци не се секогаш штетни по здравјето на луѓето.

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

**„Маската, маската... Каде ти е маската?“ - Отело, пет века подоцна.**

Лазар Попов

# Витолиште, Мариовско, галско село на Астерикс



**Тачко Локвенец**

Мариово има галско село, како она на Астерикс. Тоа е – Витолиште. Беше некогаш најголемо во овој територијално најголем регион во Македонија, со близу 2.500 жители, со индустриска пилана, со истурен погон на конфекцијата „Солидност“ и многу стара културно уметничка манифестација Мариовско Могленски средби. Витолиште постои и денес, но само со неполни стотина жители, претежно стари мажи и жени, кои во десеткуваните семејства чии деца одамна одлетаа низ Македонија и светот, полека прво умира еден од нив, потоа и другиот.

Куќите остануваат „сами“ и празни. Речиси сите се од камен. Булдожер не може да ги урне. Ќе бидат многу лета неми сведоци за еден живот на еден жилав и истраен народ, чии далечни предци некаде пред повеќе од 500 година први кренаа востание против турските освојувачи, а соц-комунистичките ослободители доцна му го направија асфалтниот пат, и тогаш беа веќе младите иселени. Мариово ништо не можеше да го спаси од големото иселување кое, да не е за подрек ме потсети на големата миграција на Ирците по светот, предизвикана од големата „компирова“ криза.

Витолиште со старите жители, подржани од нивните „побегнати“ синови и ќерки, подзасилени и од внуките и внуците, а кај некои и од правнуците, љубоморно ги чуваат и негуваат дедовските и прадедовските добри обичаи, пред суровите напади на цивилизацијата. Ни античкиот Рим, ни супериорната Америка, со нивната мегаломанска наметливост со склоност на сопствените цивилизациски стандарди, кои можеа и можат секаде се, само во Мариово – не!

Многупати досега сум го посетувал Мариово. Во последно време од пусто попусто. Дури во Манастирец каде што се наоѓа најстарата црква со најубавите и најстари икони на Балканот, не го најдов отец Никола, еден учен, скромен, срдечен свештеник со кого сакав да пијам кафе и да помуабетам, зашто само отецот го има откриено Мариово во неговата душа.

Нејсе, со еден угледен академик од Скопје, со галантен градежен инженер од Прилеп, со пензиониран газда на познат ресторан од Велес, со духовит адвокат од Охрид, не останавме без пресно печен леб на црепна, со биено мариовско сирење и овчо кисело млеко, во ресторанот на сопственикот Кире, во живописниот и раскошен рај во кој ни испекоа и младо мариовско јагне на ражен.

Овде во Мариово нема политика. Има карневали посветени на овцата, кравата и црниот бор, кои повеќе се памтат по сеќавање, отколку по реализација, заборавени и од луѓето, од властодршците и режимските медиуми. Некогаш Мариово одгледуваше говор на завист кога луѓето се натпреваруваа кој повеќе жито ќе ожнее, кој поголемо стадо овци и крупна стока да направи. Говор на омраза овде нема, знаете ли зошто? Мариовци се многу итри луѓе. Во дефилето на странските војски од најкрвавата Прва светска војна, посеано е семето на храбри војници и умни генерали кои одгледуваа боречки вештини да се победи и опстани.

Мариовци не сакаат говор на омраза, всушност не сакаат да тегнат гуми за жвакање, но ако некој потегне навредливи и невкусни простотилаци, тешко нему... Ќе го качат на „машко магаре“ и ќе го фрлат во Црна. Во Мариово чувајте се да не ви излета некоја бласфемија на сметка на Толе-паша, Калеш Анѓа, Стале Попов, ќе ве направат ренде со оригинална мариовска сатира, зашто мариовци не разбираат многу хумор.

Во Витолиште одамна е спален симболот на власта, која било, зашто не се родила досега власт која им помогнала на мариовци. Една од непобитните одлики на мариовските празници, карневали, приредби и сведни е да бојкотираат, да не канат отуѓени ајдуци дури и кога се бркаат вештерки, зашто по обичај одродените ги прогласуваат за вештери.

**Некогаш Мариово одгледуваше говор на завист кога луѓето се натпреваруваа кој повеќе жито ќе ожнее, кој поголемо стадо овци и крупна стока да направи. Говор на омраза овде нема.**

# Престанете со тривијализации



**Катерина Блажевска**
Дојче веле

Ако сите го дадат најдоброто од себе, само така ќе имаат чисти позиции да аргументираат дали некој згрешил со мерките, но тогаш кога оваа криза ќе заврши.

Во целата несреќа со ширењето на коронавирусот, се надевавме на две добри нешта: дека ќе успееме да ја стесниме неговата разорна траекторија за да има што помалку жртви и заболени, и второ, дека ќе создадеме нуклеус за враќање на изгубеното заедништво и за крај на политичките поделби и политикантството, барем пред огромната здравствена закана по која следуваат економски и ред други сериозни последици. Од цврстината на заедништвото и солидарноста, во најголема мера ќе зависи како ќе се справиме со здравствениот предизвик: дали преку искрена помош, поддршка и почитување на здравствените мерки, или преку ширење лажни вести, постојано денунцирање на владините мерки и создавање паника кај граѓаните.

Во моментов, за жал, имаме од сè по нешто, но најмалку заедништво. Иако „кругот е мал и во него сме сите (мета на вирусот)“, иако здравствената криза не смее да биде предмет на партиско мерење на мускулите, таа црвена линија беше прегазена. Сега сите политички протагонисти мора да се вратат повеќе чекори назад, во зоната каде што постапките имаат врска исклучиво со здравствените политики и мерки.

Да почнеме со солидарноста. Таа е исклучително потребна, и секоја помош од кој било граѓанин е добредојдена. Семејството Заеви викендов донирало големо количество прехранбени пакети за оние на кои име е најпотребно. Убав потег. Но, ќе беше уште поубав ако портпаролот на СДСМ, Костадин Костадинов, оставеше овој хуман потег да заврши без негово медиумизирање. Прво, ако тоа е приватна, семејна донација, што има тој со тоа? Вели се вклучил како волонтер. Но, додал дека тоа го сторил „заедно со Душко Заев и Панче Заев, Стојан Коциров и други волонтери“. Токму тие „други волонтери“, ненаведени со име и презиме, требало да ја поделат донацијата. Зашто кога во објавата се спомнуваат имињата на таткото и синот на лидерот на СДСМ, приказната добива друг призвук.

Зарем други партиски портпароли и функционери не можат да бидат волонтери и да дистрибуираат помош, донирана од лица од нивната партија или блиски до неа? Сигурно дека можат, но така ризикуваат да ја прегазат границата меѓу солидарноста и популизмот и да ја девалвираат секоја донација. На што ќе личи ако пред нашите врати почнат да се рашетуваат портпароли и политичари? Тоа нема да значи додадена вредност во ситуацијава, туку сигнал дека институционалниот систем губи чекор пред партиските претстави. Затоа, секоја помош треба да биде насочено кон одредена централна адреса, а да се дистрибуира од волонтери од граѓански и хуманитарни организации. Не од партиски.

Притоа, да не се заборава правилото број еден: оној што искрено помага, не сака тоа да се знае. Дозволувам дека Костадинов сакал да мотивира и други да се вклучат во донирањето и волонтирањето. Но, ефектот е спротивен. Има многу луѓе што сакаат да донираат на сметката на Министерството за здравство, толку колку што имаат, бидејќи секој денар е важен. Некои можат да дадат 1.000 денари, некои 3.000, некои повеќе од тоа. Но, кога Костадинов објавува видео од магацин преполн со кутии за донации, можеби многу луѓе се демотивираат да ги уплатат своите скромни 1.000 денари, сметајќи дека тоа би било недостојно во споредба со прикажаното.

Правило број два: Во време на оваа криза, и владините и партиските функционери мора да се држат до однесување кое исклучува какво било монополизирање на принципите на хуманост и солидарност, бидејќи по системот акција-реакција, тоа ќе создава нови поделби.

Пример – помошта од Словенија. Зошто беше потребна толкава врева и „истрага“ дали лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, навистина разговарал со словенечкиот премиер и побарал помош? Тоа што помошта стигнала преку механизмот на Европската Унија во рамките на цивилната заштита, не значи дека Мицкоски не ја побарал, туку дека донацијата мора да се стави во некаква системска рамка. Белки не очекувате помошта да биде испратена на адреса на седиштето на ВМРО-ДПМНЕ. И наместо да се сомничи и омаловажува тој гест на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, ќе беше добро да се поздрави. Така се прекинува синџирот на недоверба, така се дава импулс на заедништвото. За волја на вистината, за тоа да се постигне, и опозициската партија ќе мора темелно да го преиспита своето однесување. Постојаните соопштенија од типот „Владата не работи ништо... сиромаштија тропа на врата“ не водат кон целта.

Сиромаштијата тропа на врата во сите земји зафатени од ковид-19. Ниту е точно ниту коректно да се каже дека Владата не работи ништо. Може да постојат различни ставови околу мерките што таа ги спроведува, но има начин тоа да се каже на начин кој нема да ги вознемирува граѓаните. Ако има грешки, тие ќе се утврдуваат кога ќе заврши здравствената криза. И не е во ред да се третираат ограничувањата на движењето и вонредната состојба како начин за политичка контрола врз граѓаните. Ако е така, тогаш да не примаме помош од земји што вовеле строги ограничувања во време на пандемијата. Секоја земја има суверено право да ги одреди мерките со кои ќе се спротивстави на заканата. И секое лице има еден избор: да го даде најдоброто од себе во дадената ситуација, или најлошото.

Ако сите го дадат најдоброто од себе, само така ќе имаат чисти позиции да аргументираат дали некој згрешил со мерките, но тогаш кога оваа криза ќе заврши.



# Економија

**Курсна листа** 8.4.2020

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.350 | 61.850 | GBP | 1 | 68.650 | 71.150 |
| USD | 1 | 55.650 | 58.050 | CAD | 1 | 39.500 | 41.350 |
| CHF | 1 | 57.400 | 59.350 | AUD | 1 | 34.050 | 35.900 |

**Уредба за примена на Законот за работни односи во вонредни услови**

# Стариот одмор ќе се користи до крај на мај, а дел од новиот до крај на јуни

Новите правила за користење на годишен одмор се однесуваат за работниците од компаниите од приватниот сектор опфатени од времените мерки за заштита од ширење и превенција од коронавирус.

**Весна Дамчевска**

Уредбата за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба е објавена во „Службен весник“ и со тоа се утврдени новите правила со сила на закон во однос на користењето на одморите во компаниите од приватниот сектор опфатени од времените мерки за заштита од ширење и превенција од коронавирус.

Промените се однесуваат како за стариот годишниот одмор за 2019 година, така и за новиот за 2020 година.

Според Уредбата, работниците вработени во приватниот сектор опфатени од мерките, неискористениот дел од годишниот одмор, односно неискористениот годишен одмор од календарската 2019 година, мора да го искористат до 31 мај 2020 година, согласно со потребите на работниот процес и одобрение на работодавачот.



Што се однесува до новиот одмор, во Уредбата пишува: „За работниците вработени во приватниот сектор опфатени од времените мерки за заштита од ширење и превенција од коронавирус делот од годишниот одмор за 2020 година кој мора да се искористи во траење од две непрекинати работни недели, да го искористат до 30 јуни 2020 година, согласно со потребите на работниот процес и одобрение на работодавачот“.

Во фирмите што не се опфатени со мерките за коронавирус, односно оние што продолжиле нормално да функционираат, каде што вработените продолжиле да одат на работат и каде што дејноста продолжила да се одвива како и претходно, се применуваат регуларните одредби од Законот за работни односи.

Според овие одредби, годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели. Притоа, работодавачот е должен на работникот да му обезбеди искористување на 12 работни дена годишен одмор до крајот на тековната календарска година, а останатокот до 30 јуни идната година.

Исклучок од Уредбата се и работниците во Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за одбрана – Армијата на Република Северна Македонија, јавните здравствени установи во Република Северна Македонија, царинските службеници, единиците за противпожарна територијална заштита, во инспекциските служби, како и лицата што работат во старечките домови. Тие неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година и делот од годишниот одмор за 2020 година, кој мора да се искористи во траење од две непрекинати работни недели, можат да го искористат до 31 декември 2020 година, согласно со потребите на работниот процес и врз основа на одобрение на раководното лице во Министерството.

## „Нормален“ годишен одмор ќе имаат тие што работеле од дома

• Уредбата за примена на Законот за работни односи во вонредна состојба не се однесува на оние што работеле од дома.

- Уредбата не важи за сите вработени во приватните компании, туку само за оние што сега користат некоја од мерките според кои седат дома, како мајки на деца до 10 години, бремени жени или хронично болни. Уредбата не важи за оние што работат сега, независно дали работат од канцеларија или од дома –објаснува Злате Стојановски, раководител во Државниот инспекторат за труд.

Во компании кои, пак, поради препораката на Владата за организирање на работниот процес со што помалку работници, ги поделиле работниците на две или повеќе групи, така што тие оделе на работа во различни денови, газдите веќе им рекле дека не можат да сметаат на одмор во јули или во август.

**БРОЈКИ**

**96**

**отсто од компаниите што бараат бескаматен кредит имаат до 50 вработени.**

**156**

**компании доставиле барање и ги исполнуваат условите за бескаматен кредит.**

**1,3**

**милиони евра досега е баранiот износ за бескаматен кредит и од оваа линија има уште 4,4 милиони евра.**

**Пример за почит.**

## Сопственик на кафеана ветува дека нема да брка од работа, па и да пропадне

• Сопственикот на кафеаната „Мал алтан“ на влезот од Старата чаршија во Скопје, Горан Блажевски, на својата фејсбук-страница објави дека никој од неговите вработени нема да остане без работа, по цена и фирмата да му пропадне.

- Јас Горан Блажевски, сопственик на „Мал алтан“, моите вработени не ги отпуштам по цена фирмата да пропадне. Јас луѓето ги ценам, а посебно затоа што знам како е да се нема. Така што, ако треба ќе делам на пола, моите вработени ќе имаат целосна поддршка од мене и од мојата фамилија - напиша Блажевски.



Тој исто така напиша дека ќе се бори да го обезбеди сето она што им следува на фирмата и на вработените.

- Секој треба да знае, секој човек е заслужен во оваа држава и треба да му се помогне, а не да биде оставен на цедило - порача газда Блажевски.

**Поштенски услуги.**

## Граѓани се жалат дека не можат да пратат пратка во странство

**Земји за кои е овозможен прием на пратки по сувоземен се: Албанија, Грција, Косово, Бугарија, Романија, Турција и Германија.**

Корисници на услугите на АД „Пошта на Северна Македонија“ се жалат дека не се примаат пратки за странство од универзалниот давател на услуги во Македонија, пишува порталот Фактор.

Билјана Аврамоска Ѓореска, директорка на Агенцијата за пошти, за Фактор вели дека обемот на пратки е значително намален во изминатиот период, а згора на тоа во прекин е и меѓународниот сообраќај, кој го отежнува работењето.

- Во нашата земја покрај Македонски пошти, уште седум други приватни оператори имаат лиценца за меѓународен поштенски сообраќај. Но, поради рестрикциите, изолациите и ограничувањата со кои се соочуваме, тоа го трпат и крајните корисници. Причината е затоа што сите постојано го адаптираат, го приспособуваат работното време, иако давателите на овие услуги може да оперираат и за време на полицискиот час - вели Аврамоска Ѓореска.

Земји за кои е овозможен прием на пратки по сувоземен се: Албанија, Грција, Косово, Бугарија, Романија, Турција и Германија.

Аврамоска Ѓореска вели дека е добро тоа што се воспоставила размена со германската пошта, бидејќи станува збор за широка мрежа на покривање.

- Дојче пост може да ги препрати пакетите понатаму во други земји, но велам дека сè зависи од нивните интерни одлуки и правила и од тоа како се воспоставени меѓународните комуницирања оттаму – објаснува Аврамоска Ѓореска.

**Активности** Реновирање и разубавување во скопската ЗОО

# Со вклучувања во живо Зоолошката градина ги забавува најмладите

**Чистење** Веднаш по затворањето на Градината за посетители, се спроведе целосна дезинфекција на сите површини, а се исчистија и езерата, каде што ќе бидат поставени фонтани

**Анета Стојковска**

Четири лемури и едно бебе лама, прво по четири години, се родија во скопската Зоолошка градина во периодот додека е таа затворена за посетители поради пандемијата со коронавирус. Во овој период се прослави и еден роденден во Градината, на верверичките, кои пред една година беа пронајдени на Водно, мали и сè уште непрогледани, а потоа згрижени во Зоолошката. Со огромна љубов и грижа на вработените, со постојано хранење и ноќе и дење, Рипко, Спанко, Очичка и Инспектор Томе, сега се здрави верверички стари една година.

Во меѓувреме, во Зоолошката градина не престануваат активностите за разубавување на просторот и изградба на нови живеалишта. Веднаш по затворањето на Градината за посетители, како што информираа оттаму, се спроведе целосна дезинфекција на сите површини, влезот, билетарницата, тоалетите, клупите и летниковците. Се исчистија и езерата, каде што ќе бидат поставени фонтани.

Периодот е искористен и за реновирање на Бејби ЗОО, се подготвуваат нови игралишта и активно се работи на живеалиштата за пингвини и за фламинга. Домот за фламингата, кои треба да пристигнат од Чешка штом заврши пандемијата, се очекува да биде готов за десетина дена, а за пингвините, кои ќе се носат од Лондон, во текот на април. Во тек е изградбата и на Дино паркот, која треба да заврши во мај.

Иако Зоолошката не работи, љубителите на животните, особено најмладите, секојдневно можат да ги гледаат омилените животни преку вклучувања во живо на фејсбук-страницата на Зоолошката градина. Овие видеа не само што се едукативни и забавни во периодот кога децата мора да седат дома поради коронавирусот, туку и покажуваат дека животните постојано ја добиваат потребната љубов, грижа и храна.

**Овие видеа не само што се едукативни и забавни во периодот кога децата мора да седат дома поради коронавирусот, туку и покажуваат дека животните постојано ја добиваат потребната љубов, грижа и храна.**



Во овој период според информациите што ги споделуваат од Зоолошката градина, нема проблем ниту со финансирањето. Иако преку продажба на влезници се покриваат третина од трошоците што ги има оваа институција, а остатокот од градскиот буџет, во овој период Град Скопје целосно ги покрива сите трошоци.

## Нема присилна наплата на данок и фирмарина

• Град Скопје повторно ги информира граѓаните дека решенијата за данок на имот и фирмарина што пристигнуваат на нивните адреси се испратени пред да се случи епидемијата со коронавирусот во нашата држава, а поради новонастанатата состојба, нема да презема дополнителни мерки кон даночните обврзници.

Поточно, додека трае вонредната состојба, Град Скопје нема да постапува по опомените за неплатен данок и фирмарина за 2019 година, односно нема да се врши присилна наплата на заостанатите неплатени долгови.

Оттаму велат дека сите случаи кога даночни и таксени обврзници нема да добијат решенија или во решенијата ќе забележат недостатоци и неправилности, ќе се решаваат по укинување на вонредната состојба.

**Општина Карпош**

## Јавен повик за онлајн достава на производи




Како резултат на пандемијата со коронавирус и воведениот полициски час, Општина Карпош објавува Јавен повик и пријава за онлајн работа и достава на производи како храна од маркети, ресторани, производи од аптеки и слично на територијата на општината.

Работното тело за координација на состојбата со коронавирусот во Општина Карпош ги повикува сите заинтересирани правни субјекти да се пријават за добивање дозвола за работа за време на полицискиот час. Тие, како што информираат од Карпош, до денеска, најдоцна до 11 часот треба да пополнат пријава и ја испратат на kontakt@karpos.gov.mk.

Покрај ова, Општина Карпош информира дека интензивно се мие и се дезинфицира пред фреквентните места, маркетите, аптеките, пазарчето и банките. Активно работат четири цистерни, две на локалната самоуправа и две кои се донација од компаниите „Анизор“ и „Гранит“. Измиени се површините околу пазарчето во Тафталице и пред влезовите на сите околни маркети на овој потег, но и во другите населби. Целта е да се дезинфицира просторот каде што е присутна поголема фреквенција на граѓани.

Од Општината апелираат до сите граѓани да се придржуваат до препораките за заштита од коронавирусот, да го почитуваат полицискиот час и навремено и точно да се информираат за сите дополнителни мерки преку официјалните канали за комуникација на институциите.

## Се чисти парковската опрема на Водно

• ЈП „Паркови и зеленило“ рачно и со посебна опрема деновиве врши целосна дезинфекција на парковска опрема, клупи, павилјони, дрвени мостови, реквизити и справи за вежбање на Водно.

Екипите на ЈП „Комунална хигиена“ во текот на вчерашниот ден, од рано наутро, вршат рачно миење и дезинфекција на плоштадите „Македонија“ и „Филип Втори“. На градските улици и булевари, како што информираат од Град Скопје, се врши машинско миење и дезинфекција на коловозите.



## Без автобуси во текот на викендов

• Автобусите на ЈСП „Скопје“ нема да превезуваат патници за време на викендот, односно во периодот на полицискиот час од 16 часот во петок до 5 часот во понеделник. Во истиот период, како што соопштуваат од претпријатието, нема да работат ниту билетарниците и центрите за персонализација.

Од денес па секој работен ден, сè до наредните измени, јавниот превоз ќе сообраќа од 5 до 9 часот и од 13 до 16 часот. Во работни денови, од понеделник до петок, дел од билетарниците и центрите за персонализација ќе имаат скратено работно време, а дел ќе бидат затворени.

# Свет

• На барањето да ги каже аргументите што го поттикнале да заклучи дека пандемијата може да предизвика пљачкосувања во САД, Броун ги посочил граѓанските немири во Балтимор во Мериленд и во Фергусон во Мисури, двете жаришта на жестоките протести поради полициска бруталност врз Афроамериканци. Кандидатот на републиканците за конгресмен притоа повтори дека постојаните посочувања на нереди во средини со мнозинство Афроамериканци „немаат врска со расизам“.

**Пандемија во САД** Предизборна порака на републикански кандидат за конгресмен од Џорџија



**На пандемијата од коронавирусот и строгите мерки за изолација наметнати од регионалните власти, Американците одговорија со рекорден број купени огнени оружја**

# Пушките не убиваат вирус, но „нема подобри машини против пљачкашките орди“

**Зошто на Американците им се потребни пушки „ар-15“ за време на глобална пандемија? За да пукаат во пљачкашките орди од Атланта, порача поранешниот конгресмен од Џорџија, Пол Броун, кој повторно се кандидира.**

Републикански кандидат за конгресмен од Џорџија ја засили својата предизборна кампања со пораката до граѓаните на таа американска сојузна држава да се вооружат со автоматски пушки за да се одбранат од „пљачкашки орди“, за кои е убеден дека ќе почнат да грабаат, како последица на економската криза поради пандемијата.

-Зошто на Американците им се потребни пушки „ар-15“ за време на глобална пандемија? За да пукаат во пљачкашките орди од Атланта – порача поранешниот конгресмен од Џорџија, Пол Броун, кој повторно се кандидира за член на Конгресот на изборите во ноември.

Во новото кампањско видео, Броун ветува дека ќе подари автоматска пушка „ар-15“ на секој „среќник“ што ќе се претплати на информирање од неговиот предизборен штаб.

Броун живее во Гејнсвил, град во кој белото население доминира со 87 проценти, а говори за главниот град на сојузната држава – за Атланта, во кој мнозинство се Афроамериканците. Броун, сепак, тврди дека неговата порака не е расистичка, туку расистички се толкувањата.

– Во несигурни времиња како овие, правото да се одбраните себеси и вашиот имот и семејствата порака не може да бидат поважни. Дали тоа се пљачкашки орди од Атланта или тиранска влада од Вашингтон, нема многу подобри машини за ослободување од „ар-15“ – порачува 73-годишниот поранешен конгресмен, кој важи за еден од најконзервативните републикански политичари воопшто. Во видеото тој се прикажан како чекори во природа и пука од автомат.

Броун во телефонско интервју одговара дека „нема ништо расистичко“ во пораката „да се пука во пљачкашките орди од Атланта“.

– Само либералниот печат би поставил такво прашање. И во Атланта има многу бели луѓе. Господо, јас сум бил главен говорник на настан на Денот на Мартин Лутер Кинг – изјави Броун во телефонско интервју за „Гардијан“. Тој додава дека „и црните луѓе имаат право да се заштитат, исто како белите, Латиноамериканците или Азијците“, а за ковид-19 говори како за „кинески вирус“.

На барањето да ги каже аргументите што го поттикнале да заклучи дека пандемијата може да предизвика пљачкосувања во САД, Броун ги посочил граѓанските немири во Балтимор во Мериленд и во Фергусон во Мисури, двете жаришта на жестоките протести поради полициска бруталност врз Афроамериканци. Кандидатот на републиканците за конгресмен притоа повтори дека постојаните посочувања на нереди во средини со мнозинство Афроамериканци „немаат врска со расизам“.

- Таму протестираа и бели луѓе. Јас не ги сметам за расистички инциденти. Ако ме прашувате за примери на пљачкање и орди, едноставно тие два примера први ми паѓаат на ум – вели Броун. Тој додава дека „потенцијални извори на орди“ може да бидат и Денвер во Колорадо или Мисула во Монтана, каде што белците се во мнозинство.

- Мислам дека ќе видите како од градовите ќе тргнат пљачкашки орди и ќе одат насекаде. Ќе видиме луѓе што си мислат дека имаат право да поседуваат телевизори, автомобили или што и да е, и ќе ги грабаат – додава Броун.

Тој изразил загриженост од економско пропаѓање на државата поради огромниот долг, додавајќи дека „со децении бил загрижен поради опасноста од ваква криза. На пандемијата од коронавирусот и строгите мерки за изолација наметнати од регионалните власти, Американците одговорија со рекорден број купени огнени оружја. Само во текот на март во системот на федералната полиција биле евидентирани 3,7 милиони барања за проверка на досиеја, што практично е приближен број на купени парчиња огнено оружје. Проверката на досието вообичаено се бара само за купување огнено оружје, но со едно барање купувачот може да купи повеќе пиштоли или пушки.

Тоа е за 80 проценти повеќе во споредба со март минатата година. Во третата недела од март биле побарани 1,2 милион проверки, што е повеќе од која било друга недела во САД по 1998 година, според податоците на ФБИ. Слична побарувачка, но не и толку голема, била забележана во декември 2012 година, веднаш по масовното пукање во основното училиште „Сенди Хук“ во Конектикат, кога беа убиени 20 деца. Во тоа време поттик било стравувањето дека администрацијата на претседателот Барак Обама ќе воведе построги контроли за купување оружје.

Се проценува дека ваквиот скок во купувања пушки и пиштоли сега е директно предизвикан од стравот од економски колапс на Америка поради мерките против ширење на пандемијата. Кога Калифорнија стана првата сојузна држава во САД што објави препораки за изолација во домовите, граѓани одговорија со чекање во долги колони пред продавниците за оружје. Статистиката на ФБИ не дава одговори каков тип оружје денес претпочитаат вознемирените американски граѓани, но продавачи тврдат дека зголемен бројот на луѓе што првпат бараат да купат огнено оружје.

– Мора да се подготвиме за зголемениот ризик од повеќе парчиња пушки во нетренирани раце – вели Дејвид Чипман, водечки експерт за превенција од инциденти со огнено оружје.

Тој додава дека особено голем е ризикот сега, бидејќи во периодот на општа вознемиреност поради изолацијата пристап до оружјето имаат деца и потенцијални самоубијци.

– Ако до март не сте сметале дека ви е потребна пушка, секако дека немало да истрчате да ја купите веднаш – вели Чипман.

Администрацијата на претседателот Трамп ја поттикнува „трката за домашно вооружување“ со вклучување на производителите и продавачите на оружје, како и на стрелиштата меѓу „есенцијалната критична работна сила“ во услови на пандемија.



**„Нема ништо расистичко“ во пораката „да се пука во пљачкашките орди од Атланта“, град во кој Афроамериканците се мнозинско население**

Пол Броун

**САД Ковид-19**




# На Трамп му се брза да ја стартува економијата

**Американскиот претседател Доналд Трамп изјави дека САД можеби се наоѓаат близу до врвот на епидемијата на коронавирусот. Тој повтори дека посакува американската економија што поскоро да се отвори кон остатокот од светот**

Бројот на смртни случаи од ковид-19 во САД ја надмина бројката 12.000, додека повеќе 400.000 лица се заразени.

Во последните 24 часа од последиците предизвикани од заразата со коронавирусот, починале повеќе од 1800 луѓе, што е најцрниот биланс во САД уште од букнувањето на епидемијата.

И во Њујорк е регистриран најсмртоносниот ден откако се забележани 731 нови смртни случаи, а вкупниот број на починати луѓе во оваа сојузна држава се искачи на 5.489.

Американскиот претседател Доналд Трамп, пак, изјави дека САД можеби се наоѓаат близу до врвот на епидемијата на коронавирусот. Тој повтори дека посакува американската економија што поскоро да се отвори кон остатокот од светот.

– Сакаме наскоро да ја отвориме економијата, затоа мислам дека можеби се приближуваме до врвот на кривата - изјави Трамп.

Во меѓувреме во „Дејли мејл“ беше објавена фотографија фотографирана со дрон од островот Харт, во непосредна на Њујорк, а на снимката се гледаат затвореници како во скафандери копаат гробови.

Се наведува дека најверојатно станува збор за погреб на жртви на коронавирусот, кои во моментов не е безбедно да се погребаат на конвенционален начин.

Градоначалникот на Њујорк Бил де Бласио не потврдил дали таму се погребуваат жртвите на коронавирусот, но за медиумите ја даде следнава изјава.

- Може ќе правиме привремени закопувања, па подоцна ќе решаваме за секое семејство одделно. Местото кое историски сме го користеле за тоа е островот Харт – изјави Де Бласио.

Островот Харт вообичаено се користи за погребување на неидентификувани тела. Користен е и за погребување по епидемијата на шпанскиот грип пред 100 години.

**Европа.**

# Франција бележи „црни“ рекорди

Во Франција е регистриран најголем број смртни случаи од почетокот на пандемијата предизвикана од ширењето на коронавирусот ковид-19, откако 1.427 лица ги загубија животите за само еден ден.

Како што објавија француските медиуми, 607 луѓе починале во болници и 820 во домови за нега на стари лица.

Во Франција значително е зголемен бројот на заразени, или повеќе од 11.000 за еден ден. Вкупниот број на заразени лица од почетокот на пандемијата ја надмина бројката од 100.000.

Потврдено е и дека францускиот носач на авиони „Шарл де Гол“ се враќа на пристаништето, бидејќи некои членови на екипажот имаат симптоми на коронавирусот, соопшти денеска француската војска. Министерството за одбрана соопшти дека во моментов има околу 40 морнари под строг медицински надзор.



Бројот на потврдени случаи на новозаразени од вирусот во Германија се зголеми за 4.003 и ја достигна бројката од 103.228. Регистрирани се нови 254 смртни случаи, по што „црниот биланс“ се искачи на 1.861 починати лица.

Дури 1.175 нови заразени се регистрирани во Русија, што предизвика голема загриженост кај локалните власти. Вкупно 8.672 луѓе се заразени досега во оваа земја, од кои најголемиот дел во Москва.

**Жан Аселборн предупредува**

## Ако падне Шенгенскиот договор, паѓа и ЕУ

Министерот за надворешни работи на Луксембург, Жан Аселборн, ја повика германската влада, што е можно поскоро, да ги укине граничните контроли со Луксембург и Франција.

– Граничните контроли ме загрижуваат. Ако падне Шенген, тогаш паѓа и ЕУ. Шенген е најголемото достигнување на Унијата - изјави Аселборн за германските медиуми.

Тој посочи дека граничните контроли поставени во должина на границата со Германија предизвикуваа големи проблеми.

– Секој ден ми пишуваат луѓе од Германија кои се жалат на граничните контроли - рече Аселборн, додавајќи дека за луѓето во пограничните области е тешко да одат на работа.

**Италија.**

## Блокадата ќе се укинува во две фази




Италијанските власти соопштија дека блокадата, воведена заради запирање на ширењето на новиот коронавирус, ќе биде укината во две фази.

Првиот чекор кон укинување на блокадата во Италија по Велигден ќе се состои во постепеното започнување со производствени активности, а вториот, што се очекува да се случи на 4 мај, се однесува на измените во мерките за ограничување на движењето на жителите на таа земја.

Постепеноста и претпазливоста се од огромно значење кога станува збор за укинување на општите карантински мерки воведени од страна на Италија за да се спречи ширењето на вирусот ковид-19,вели италијанскиот премиер Џузепе Конте. Тој смета дека ќе биде важно да се избегне собирање на луѓе за Велигден на 12 април, проследено со Денот на ослободување на Италија, 25 април, и Меѓународниот ден на трудот, Први мај, за да се спречи ширењето на вирусот.

Првиот чекор по 13 април, се однесува на постепено почнување со производствени активности, а вториот од 4 мај се однесува на промена на мерките за движење во и надвор од изолација. Сепак, датумите на следните чекори не се строго утврдени и зависат од податоците од наредните денови.

**Кина.**

## Вухан е потполно отворен град

Главниот град на кинеската провинција Хубеи, каде што за прв пат се појави коронавирусот ковид-19, повторно е отворен по 76-дневна блокада.

Градот со над 11 милиони жители, кој беше најтешко погоден од коронавирусот во Кина, го прослави своето повторно отворање со полноќна игра на светлата. Властите ги отворија патишта што излегуваат од градот и им дозволија на луѓето да го напуштат градот со автомобил.

Вухан од 23 јануари беше практично изолиран од светот поради епидемијата на коронавирусот, а сообраќајот со градот беше целосно прекинат.

Пред повторно да биде отворен, централната кинеска провинција Хубеи објави дека ќе продолжи да спроведува мерки против ковид-19, иако нејзиниот главен град Вухан ја укина забраната за патување.

Факултетите, основните и средните училишта, средните стручни училишта, технички училишта, како и градинките низ целата провинција ќе продолжат со одложување на почетокот на полугодието, се вели во објавата.













Фитнес дома

# Вежбаме со фитнес-инструкторката Елена Мирческа

**Да не дозволиме моменталната ситуација да влијае негативно на нашето физичко и ментално здравје, туку напротив, слободното време да го искористиме во наша полза - порачува нутриционистката и фитнес-тренер Елена Мирческа.**

Елена ви предлага шест основни вежби, кои можат да се изведуваат во домашна атмосфера. Со редовно практикување на вежбите ќе придонесете за огромни промени во обликување на телото и разведрување на духот. Сè што ви треба е една столица или софа и две шишиња со вода или песок.

## 1. КЛЕКНУВАЊА

Основната вежба се изведува со поставување на стапалата во ширина на рамениците, паралелни едно со друго, рамениците се повлекуваат station наназад, градите се отворени, грбот е исправен, половината свиткана во неутрална позиција. Пред да се спуштиме надолу, земаме воздух, го згрчуваме стомакот. Седнуваме назад, кој колку може подлабоко, со тежината на петици. Не смее колената да ги преминат палците на нозете и грбот да се свитка. Варијација: при станување горе, ја креваме ногата високо напред, наизменично. Започнете со по 10 повторувања и секој ден зголемувајте за едно повеќе!

## 2. РАСЧЕКОР СО ПОДИГНАТА НОГА

Тоа е статична форма на расчекор, која се изведува со едното стапало подигнато зад вас и голем исчекор напред. Го носите телото нанапред и истовремено ги виткате двете колена додека не достигнат агол од 90 степени. Држете го грбот во неутрална положба, стомакот стегнат. Кога се враќате нагоре, силно стегнете ги ногата и задникот, за да се стабилизира предното колено. Внимание, не е препорачливо да се изведува оваа вежба доколку имате проблем со колената! Започнете со по 5 повторувања по нога и постепено зголемувајте според можностите.

## 3. ВАРИЈАЦИЈА НА ВИСОК ПЛАНК

Почетната позиција е следна: поставете ги дланките точно под рамениците, главата да се држи во неутрална позиција како продолжение на вратот, стомакот - згрчен навнатре, задникот - стегнат, нозете - исправени во колената и со разделени стапала. Колената ги носиме енергично со замав до крајната точка. Започнете со по десет повторувања на нога во сите три позиции одделно.

## 4. СТОМАЧНИ СО СЕДЕЊЕ

Седнуваме во „V“ положба, со торзото и нозете подигнати едни кон други во агол од 45 степени. Доколку сте почетник, најдобро е за почеток да си помагате со рацете зад вас, а нозете држете ги свиткани во колената. Грбот мора да биде исправен и стомакот згрчен цело време. Не се разочарувајте доколку на почеток не можете да направите повеќе од неколку повторувања. Со правилна форма и упорност, постепено ќе покачувате.

## 5. ПОТИСОК НА КОЛКОТ

Ова е една од најдобрите вежби за обликување на задникот, а истовремено има свој бенефит за грбот и за нозете. За правилно изведување легнуваме со горниот дел од грбот на столицата или на софата, ги носиме стапалата напред додека не достигнат агол од 90 степени со колената. Задникот и колкот го држат телото паралелно со подот во почетната положба и туркајќи се со рамената од површината, го спуштаме задникот горе/долу, држејќи го стомакот стегнат и грбот исправен. Започнете со 20 повторувања и постепено зголемувајте.

## 6. РАЦЕ

Земаме две шишиња со вода, а понатаму може да употребите сув или влажен песок. Држете го телото добро фиксирано, лактите и рацете во права линија со рамениците и добро истегнати над градите, а во третата вежба - прави лакти, ги носиме рацете напред/назад и ги растегнуваме рамениците и грбот. Започнете со по 20 повторувања на вежба.








Креативка

# Велигденско украсување во домашни услови

***Славица Трчкова, адвокатка по професија, има вешти раце за најразлични, чудесни рачни изработки. Пред велигденските празници таа ни нуди идеи за декорирање на јајца и на домот, со употреба на материјали кои ги имаме, и со техники во кои лесно се снаоѓаат и почетници.***



Н адвокатката Славица Трчкова хоби ѝ се рачните изработки независно од видот на техниката. Уште од дете била опкружена со преубавите плетки од баба ѝ и везовите на мајка ѝ. Но сепак, таа тргнала во друг вид на изработки - квилингот и декупажот.

**- Со квилингот како техника, изработка на предмети и слики од хартија или како уште го нарекуваат филигран од хартија,** се запознав сосема случајно. Син ми имаше проект во училиште да направи ликовна творба, но не во стандардна техника - темпера, водени, и така натаму, туку нешто различно. Барајќи на Интернет наидов на квилингот како техника на изработка. Бидејќи немавме никакви потребни алатки, моравме да импровизираме со расположливите домашни ресурси. И така, со помош на стапче на ражен, скалпел и лепак, го направивме првото дело. Штета што не направивме фотографија од делото, ама тоа гордо стои во училиштето на син ми, ни раскажува Славица.



**За техниката декупаж пак, знаела од многу подамна.**

- Можеби пред 25 години за првпат видов изработки во декупаж во едно списание и искрено тоа беше љубов на прв поглед. Таква убавина и елеганција во изработките ме поттикнаа и јас да се обидам. Сè започна аматерски, но со многу труд, истражување, посетување на обуки прерасна во главна преокупација со која активно се занимавам последниве четири-пет години, додава таа.

► **Во овој период на домашна изолација, уметноста е лековита. За љубителите на креативноста, што би сугерирале, кои се првите чекори во изработка на украси и со кои основни материјали, што се најлесни за ракување и обликување, може да се почне?**

- Во услови на изолација, бомбардирани со разни информации, загриженоста за тоа што се случува околу нас, сè тоа разорно влијае на нас. Уметноста е лековита, дава позитивна енергија, вдахнува нешто што одамна сме го изгубиле. Затоа да ѝ дадеме шанса на креативноста да ни помогне во ова време. Не треба многу да инвестираме, туку едноставно да користме предмети кои сите ние ги имаме дома. Можеме да користиме тегли, стари чинии, кутии од чевли, стари саксии за цвеќе, стари свеќници, шишиња, буквално сè. На пример, замислете колку би си го разубавиле дворот или балконот со една старо-нова саксија за цвеќе.

► **Велигденските празници се пред нас, ќе споделите ли со нас свежи идеи за декорирање на домот по принципот „направи сам“?**



- Секако најактуелна е темата на претстојниот голем христијански празник. Наједноставно и најинтересно во овој период е украсувањето на велигденски јајца. Убавината е во тоа што целото семејство може да учествува во украсувањето. Еден од најинтересните начини на украсување на велигденски јајца е во декупаж техника, или техника на украсување со салфетки. Доволно е да се сварат бели јајца, да се изладат и да се почне со забавата. Се украсуваат со сечени делови од салфетки, кои се лепат со белка од живо јајце. И што е најважно јајцата се еколошки и секако може да се јадат. Како дополнение, можете да ставите тантела, суво цвеќе или цвеќе изработено од хартија. Сè тоа декорирано во претходно насадена и изртена пченица ќе го разубави секој дом.

За дополнување на убавиот празничен амбиент, може да направите и кошнички за јајца од хартија. Доволно е хартија во боја, стапче за ражен, лепак и скалпел. И секако, ослободете ја фантазијата. Создадете уникатни украси на кои ќе се радува целото семејство.

► **Стиропорот може многу вешто, креативно и преубаво да ги замени вистинските велигденски јајца. Но како тоа го изведувате? Би ни ја откриле ли постапката?**



- Стиропорот е материјал кој е најблагодарен за изработка на велигденски украси и јајца зашто ја има предноста подолго време да стои. Достапен е, може да се набави во секоја подобро снабдена книжарница, а го има во различни големини. Друга предност е тоа што стиропорните јајца може да се изработуваат скоро во сите техники - квилинг, декупаж, а може да се украсуваат со сатенски траки, може да се плете на нив, да се црта, да се украсуваат со мониста...

**Накратко би кажала за изработката во декупаж техника.**

Потребно ни е стиропорно јајце, акрилен лепак или замен-ски може да се користи дрвофикс, акрилни бои, акрилен лак на водена база, мека четка и мали ножички. Многу е важно целиот материјал кој се користи да биде на водена база за да не го уништи стиропорот. Се бои јајцето во бела акрилна боја. Се чека убаво да се исуши. Потоа се лепи мотивот од салфетката, со боја по желба, па повторно чекаме да се исуши лепакот и на крај се лакира со акрилен лак. Би напоменала дека процесот на изработка трае малку подолго зашто е потребно да се запази времето на сушење. Доколку сакате, можете дополнително да цртате на јајцето, да залепите некои украси, цветчиња, циркони, ленти...



► **Уште некоја идеја од уметничката кујна на „Крафт тајм“ за украсување и декорирање на велигденски јајца?**

- Идеи има многу. Особено во овој период ми се актуелни цветните мотиви и сè што е поврзано се цвеќиња. Со своите весели бои внесуваат свежина во секој дом. Во услови на изолација, кога сме ограничени во движењето, јас би одбрала украсување со домашно направени цветови од хартија во разни големини и форми. Потоа можеме некоја стара корпа или чинија да ја украсиме. Еве убава можност, ем да ги средиме подрумите и од старите предмети што сме ги зафрлиле, да направиме уметност. Убава идеја е и да направиме честитки за Велигден, кои иако не можеме да ги испратиме или лично да ги подариме, можеме да ги изработиме, да ги фотографираме и виртуелно да им ги испратиме на саканите за да им го честитеме празникот. Верувајте, никој нема да остане рамнодушен.

За крај, Славица им порачува на сите читатели на „Слободен печат“ дека сега, кога имаме време во изобилие, да се посветат на себеси и да откријат дека во секој од нас има креативец.

- Не мора да е тоа некоја од техниките што ги споменав. Креативност е и готвењето, плетењето, везењето, пишувањето, хортикултурата... Пронајдете се во она што најмногу ве исполнува. Ќе се изненадите колку позитивна енергија има во секој од нас. Зашто сè што е создадено со љубов, едноставно шири љубов.



# Гастрономија

Ако наутро се будиш без цел,
подобро врати се назад на спиење.

**Добро е да се знае.**

# Неколку неверојатни намени на сода-бикарбона




**Доколку ве каснал некој инсект и местото постојано ве чеша, измешајте малку сода-бикарбона и вода и нанесете ја смесата на болното место.**

Мудроста на искусните домаќинки лежи во тоа што една состојка умеат да ја користат за многу намени. Важно е да се знае она што го имате во домот, како да го користите за да постигнете повеќе работи наеднаш и која е целта што сакате да ја постигнете со тоа. Кога станува збор за користењето на сода-бикарбона во домаќинството, неа можете да ја користите како додаток во исхраната, за подготовка на разни напитоци, за одржување на хигиената во домот, за козметички цели и за уште многу други работи.

### Наместо дезодоранс

За да ја спречите непријатната мирис на пазувите, ставете малку сода-бикарбона. Ова е одлична алтернатива за да избегнете користење дезодоранси или стикови за неутрализирање на мирисите под пазувите, кои се направени од многубројни хемикалии, а истовремено се и скапи.

### За нега на рацете и стапалата

За да бидат стапалата мазни, ставете три лажици сода-бикарбона, еден ловоров лист и млака вода. Со добиената смеса намачкајте ги стапалата, оставете да делува околу 30 минути, а потоа едноставно само исплакнете. За нега на рацете, пак, сода-бикарбона може да се користи постојано. Наместо да ги чистите со сапун и да ги негувате со крем, само неколкупати дневно наместо со сапун, мијте ги рацете со сода-бикарбона. Тие ќе станат нежни, без присутни бактерии и нема да имате потреба дополнително да ги мачкате со крем.

### Убоди од инсекти

Доколку ве каснал некој инсект и местото постојано ве чеша, измешајте малку сода-бикарбона и вода и нанесете ја смесата на болното место. За целосно да го намалите чешањето или отокот оваа постапка повторувајте ја неколкупати во текот на денот.

### За чистење на кујнските сунѓери

Измешајте четири лажици сода-бикарбона со 250 милилитри топла вода. Ставете ги сунѓерите што сакате да ги дезинфицирате во водата со сода и оставете ги да отстојат околу еден час. Потоа извадете ги и само убаво исплакнете ги.

### Перење алишта

Алиштата ќе бидат секогаш чисти доколку освен перењето со обичен прашок за перење, во машината за перење на алишта додадете околу 50 грама сода бикарбона.

### Отстранување на масните наслаги

Сода-бикарбона може да користите и за чистење на наталожените мрснотии. Само наросете го местото што сакате да го чистите со сода-бикарбона, а потоа убаво истријте со сунѓер. На крај обилно исплакнете ја површината.

### Чистење на овошјето и зеленчукот

Сода-бикарбона може да користите и за да ги отстраните наталожените хемикалии што се наоѓаат во лушпата на овошјето и на зеленчукот, каде што се акумулирале по обилното прскање додека биле одгледувани.

За да го постигнете тоа, во подлабок сад ставете поголемо количество вода, неколку лажици сода-бикарбона, а потоа ставете го да отстои купеното овошје или зеленчук. На крај, измијте ги со вода и складирајте ги во кујната.



**Феноменален трик.**

# Како брзо да одмрзнете путер



• Доколку сакате да подготвите некој десерт, а баш во тој момент сте откриле дека путерот што сакате да го ставите е замрзнат, не паничете, има брзо и едноставно решение како да го одмрзнете. За ова сѐ што ви треба е ренде.

Парчето замрзнат путер, едноставно изрендајте го на рендето, оставете го да отстои околу една до две минути, а потоа додајте го во десертот што го подготвувате. Ренданиот путер во истиот миг се одмрзнува, а оваа постапка ќе ви помогне и при соединувањето на другите состојки потребни за подготовка на рецептот.

Од друга страна, пак, доколку се соочувате со друг проблем што е поврзан со путерот, односно сакате да подготвите десерт, а дома немате путер, исто така постои брзо решение за ова. Треба самите во домашни услови да си направите путер. За да го постигнете тоа, ви треба полномасна павлака за готвење и сол по желба.

Ставете од полномасната павлака во сад за матење и матете со миксер додека не започне од неа да излегува течност што многу наликува на вода. Вака добиената вода, постојано отстранувајте ја. Откако ќе престанете со матење, во садот со путерот додајте ладна вода и обидете се да го „измиете" путерот, а потоа само истурете ја водата и продолжете со матење. Вакviот процес треба да го повторите неколкупати. На крај додајте сол и вака подготвениот путер складирајте го во фрижидер од каде што можете да го користите во следните 15 дена, кога и ќе му помине рокот на употреба.

**Рецепти.**



## Лазањи со компир

**СОСТОЈКИ:**

- 2 килограми компир
- 400 грама салама
- 100 милилитри масло за јадење
- 3 лажици брашно
- 700 милилитри млеко
- сол, црн бибер

**ПОДГОТОВКА:**

Компирот излупете го, измијте го и ставете го да се вари во солена вода. Ставете го маслото за јадење да се загрева, а потоа ставете го брашното. Пропржете го неколку минути. Потоа, полека додавајте го млекото и постојано мешајте ја смесата додека не се згусне. Тргнете го сосот од оган, зачинете и ставете ја во него ренданата салама. Во подмачкана тава за печење, наредете еден ред од варениот компир исечен на крукчиња. Потоа истурете од бешамел сосот и убаво распоредете. Постапката повторувајте ја додека имате компир и сос. Вака подготвената тава со лазањи од компир, ставете ја да се пече во претходно загреана рерна, на температура од 180 степени околу 30 минути.

## Лења пита со вишни

**СОСТОЈКИ:**

- 200 грама брашно
- 100 грама хељдино брашно
- 1 јајце
- 2 жолчки
- 120 грама шеќер
- сол
- 1 ванилин шеќер
- 500 грама вишни
- 1 лажица шеќер
- 150 грама маргарин
- 1 лажици гриз

**ПОДГОТОВКА:**

Во сад, измешајте го шеќерот, едно цело јајце, двете жолчки, додајте малку сол, стопениот маргарин и ванилиниот шеќер и сите состојки убаво изматете ги со миксер. Потоа додајте ги двата вида брашно. Продолжете да ги соединувате состојките, но со рачно месење. Откако ќе добиеното убаво измесено тесто, ставете го да отстои во фрижидер околу еден час. Во сад ставете ги претходно исчистените вишни, наросете ги со 120 грама шеќер и ставете им гриз. Убаво измешајте ги и оставете ги да испуштат малку сок. Извадете го тестото од фрижидер и поделете го на два дела. Првиот дел ставете го во тава за печење која претходно сте ја подмачкале и ставете ја да се пече околу 10 минути во претходно загреана рерна на 200 степени целзиусови. Извадете ја од рерната и врз запечената кора истурете го филот од вишни а врз него изрендајте го вториот дел од тестото. Вака подготвената пита печете ја уште 20 минути.



Никогаш не застанувајте затоа што се чувствувате поразени. Патувањето до другата страна е достижно само откако ќе искусите големи страдања.

Сантош Калвар



**Претерана реакција на имунолошкиот систем.**

# „Цитокинска бура“ – главна причина за огромната смртност од коронавирусот

**Претераната реакција на имунолошкиот систем се смета за главен причинител во катастрофалното затајување на органите и смрт кај дел од пациентите заболени од ковид-19.**



Феноменот „цитокинска бура“, претеран имунолошки одговор на организмот што резултира со тешки воспалителни промени, се чини дека има клучна улога кај тешките заболувања од ковид-19, пренесува АФП, додавајќи дека лекарите во моментов се беспомошни.

Претераната реакција на имунолошкиот систем се смета за главен причинител во катастрофалното затајување на органите и смрт кај дел од пациентите заболени од новиот коронавирус, но засега не е јасно до кој степен тешката пневмонија кај критично болните пациенти со ковид-19 е последица на вирусот или компликација поради претераната реакција на организмот.

Цитокините се протеини со мала молекуларна тежина, кои дејствуваат како посредници помеѓу деловите од имунолошкиот систем. Тие се излачуваат од разни клетки какви што се лимфоцити, моноцити, макрофази и фибробласти.

„Цитокинската бура“ е процес во кој нашиот имунолошки систем кога ќе се соочи со непознат вирус, реагира со прекумерно размножување на клетките на имунолошкиот систем што лачат цитокини, а кои, пак, ги активираат новите клетки на имунолошкиот систем.

### Влошувањето настапува нагло

Треска, замор, сува кашлица – во четири од пет случаи на зараза со коронавирусот симптомите се „бенигни или умерени“, но исто така, може да дојде и до отежнато дишење и развој на тежок респираторен синдром. Ова се случува кај еден од пет или шест случаи кога е потребно хоспитализирање, соопшти Светската здравствена организација (СЗО).



**Сè повеќе имаме докази што укажуваат на тоа дека дел од пациентите со тешка форма на ковид-19 се подложни на „синдромот на цитокински шок“, напишала во својот труд доктор Џесика Мансон.**

Тешкотиите со дишењето, чувство на притисок на белите дробови, усните и лицето што попримаат синкава боја се знаци на тревога и бараат итна медицинска интервенција, предупредува американскиот Центар за контрола и спречување на болести (ЦДЦ).

Повеќето хоспитализирани пациенти добиваат тешко воспаление на белите дробови и болеста ги погодува и двете белодробни крила, што е познат „потпис“ за сериозната болест.

Влошувањето честопати доаѓа нагло, седум дена по појавата на првите симптоми, објаснува Јаздан Јазданапана, шеф на одделението за инфективни болести во болницата „Бичат“ во Париз.

### Оневозможен влез на кислородот во крвотокот

Со хиперимуната реакција, случајната хиперпродукција на цитокини што предизвикува „затнување“ на алвеолите во белите дробови, се создава едем што спречува влегување на кислородот во крвотокот, ги затнува крвните садови во бубрезите и другите органи, а за кратко време доведува до затајување на виталните системи на органите во организмот, при што, истакнуваат лекарите, најлошо е тоа што таквата реакција се случува многу брзо, во рок од 24 до 48 часа и лекарите се буквално немоќни да направат што било.

Состојба каде што белите дробови не ги снабдуваат виталните органи со доволен кислород бара употреба на респиратор.

„Сè повеќе имаме докази што укажуваат на тоа дека дел од пациентите со тешка форма на ковид-19 се подложни на ‘синдромот на цитокински шок’“, напишала во својот труд доктор Џесика Мансон од Универзитетскиот колеџ во Лондон, објавен во медицинскиот магазин „Лансет“.

**„Цитокинската бура“ е процес во кој нашиот имунолошки систем кога ќе се соочи со непознат вирус, реагира со прекумерно размножување на клетките на имунолошкиот систем што лачат цитокини, а кои, пак, ги активираат новите клетки на имунолошкиот систем.**

Овој феномен на хиперинфламаторна бура е забележан и за него се пишува веќе 20 години и се поврзува со уште две опасни респираторни болести - САРС, од кој во Азија во 2002/2003 година починале 774 луѓе, и синдромот МЕРС на Блискиот Исток, кој однесе 886 животи од 2012 година.

Исто така, се шпекулира дека „цитокинската бура“ била во заднината на пандемијата на шпанскиот грип, што усмрти околу 50 милиони луѓе во 1918 година.

Лекарите се убедени дека прекумерниот одговор на имунолошкиот систем ги убива и пациентите со ковид-19 така што им го уништува ткивото. Поради тоа би требало да се смири „цитокинската бура“ во белите дробови, а без да се намали имунолошката бариера на причинителите на болеста, објаснуваат лекарите.

„Во моментов не постои ефикасен терапевтски третман против овој феномен“, тврдат лекарите во париската болница. Тие, исто така, предупредуваат дека примената на кортикостероиди, противоспалителни лекови, би можело да биде штетно за пациентите со новиот коронавирус.



# Спорт

Ги навикнавме луѓето да доаѓаат во сала. Прво доаѓаа сами, потоа со девојките или сопругите, па потоа и со децата. Доаѓаа да нè гледаат нас, но и ѕвездите од сите светски екипи.

**Тимур Дибиров, ракометар на Вардар**

**Ракомет** Тимур Дибиров зборува за иднината на „црвено-црните“

# Тешко, но не и невозможно Вардар пак да биде силен

Сите што останавме докрај веруваме дека може да се случи тимот да биде квалитетен како порано, вели Русинот



Еден од ракометарите со најдолг стаж во редовите на европскиот првак Вардар, Тимур Дибиров, во интервју за Балкан хендбол изјави дека во моментов е тешко да се каже што ќе биде со клубот и како тимот ќе изгледа следната сезона. Русинот смета дека веројатно е време кога мора да се случи некаква трансформација.

По најавата за заминување на словенечкиот среден бек, Тимур вели дека го разбира зошто си замина и дека знае дека Сташ Скубе до последен момент чекал пред да донесе одлука за преселба, но дека морал поради семејството.

- Дојде време за некоја трансформација на Вардар. Сите што останавме до крај веруваме дека може да се случи тимот да биде квалитетен како порано. Сè е можно, па и Вардар пак да биде силен, иако сме свесни дека е тешко. За успех не треба да имаш само добри ракометари, туку треба да има и хемија помеѓу нив и тоа е најтешкото во создавањето шампионски тим – вели искусниот крилен играч.

Според него, голем е ефектот што Вардар го има во Скопје и во Македонија, но не е создаден преку ноќ. Години требало за да се гради популарноста, а публиката да претрпи трансформација.

- Седум години живеам овде и знам колку ќе недостига еден ваков клуб. Ние ги навикнавме луѓето да доаѓаат во сала. Прво доаѓаа сами, потоа со девојките или сопругите, па почнаа да доаѓаат и со децата. Доаѓаа да нè гледаат нас, но и ѕвездите од сите светски екипи. Ќе биде тешко тие да доаѓаат повторно, а не можат да го видат тоа - вели Дибиров.

Дибиров се наврати и на неодамнешната најава на Скубе дека од идната сезона ќе игра за друг клуб.

- До последен момент Сташ Скубе чекаше да види што ќе се случува. Го разбирам. Замина поради семејството - рече Дибиров.

Вардар поминува низ финансиска криза, а кризата со коронавирусот ги направи работите многукратно полоши. Првиот човек на Вардар Сергеј Самсоненко веќе најави дека од идната сезона тој веќе нема да биде на чело на клубот.

**Формула 1.**

## Одложена и деветтата трка – ГН на Канада

Големата награда за Канада која требаше да се вози на 14 јуни во Монтреал е одложена поради пандемијата на коронавирусот.

Организаторот соопшти дека се одложува трката која требаше да се вози на патеката Жил Вилнев, а одлуката е донесена во договор со градските власти и Светската автомобилска федерација (ФИА).

Трката на ГН на Канада е деветтата трка во Ф1 која е одложена поради коронавирусот.

Претходно се одложени трките во Австралија, Монако, Бахреин, Кина, Виетнам, Холандија, Шпанија и Азербејџан.



**НБА.**

## Баркли: Коби најмногу се доближи до Џордан



Легендарниот кошаркар Чарлс Баркли кој сега работи како стручен аналитичар смета дека Коби Брајант е најдобриот кошаркар што го гледал по неповторливиот Мајкл Џордан. Баркли заедно со Карл Мелоун и Патрик Јуинг се сметаат за едни од најдобрите кошаркари во историјата на НБА ллигата кои не успеале да ја освојат титулата.

Баркли најблиску до трофејот беше во 1993 година кога како член на Феникс санс загуби во големото финале од Чикаго булс со 4-2 во победи. Предводник на Чикаго беше токму Мајкл Џордан, а „биковите“ сите шест титули ги освојија токму со Џордан во тимот.

– Коби Брајант е кошаркарот кој најблиску се доближи до Мајкл. Никогаш не сум играл против Карим Абдул Џабар или Бил Расел како и против Леброн Џејмс во нивните најдобри времиња. Но, Коби дојде најблиску до нивото на Џордан. Тоа го зборувам иако играв против младиот Коби, многу порано откако стана еден од најдобрите кошаркари во историјата – изјави Баркли.

**Тенис.**

## Изнер: Ѓоковиќ е најдоминантниот на светот

Американскиот тенисер Џон Изнер, кој е меѓу најдобрите сервисери на светот, смета дека сервисот на српскиот тенисер Новак Ѓоковиќ е потценет. Според статистиката за 2019 година, Ѓоковиќ е петти по бројот на освоени гемови на свој сервис, додека очекувано на првото место е Изнер.

– Пред 6-7 години Новак ќе признаеше дека сервисот понекогаш му претставува слабост во играта. Но, сега тоа повеќе не е случај и затоа тој е најдоминантниот тенисер на светот, нема ниту една слабост во играта. Затоа е број 1 и еден од најдобрите на сите времиња, уште малку му недостасува за да го достигне рекордот по бројот на грен-слем титули – вели Џон Изнер.

**Парагвај.**

## Роналдињо излегува од притвор

Славниот бразилски фудбалер Роналдињо ја плати кауцијата и излегува од затворот во Асунсион, Парагвај. Роналдињо и неговиот брат ја платија кауцијата во износ од 1,6 милиони долари и по 33 дена излегуваат од затворот во Парагвај. Тие нема да смеат да го напуштат Парагвај и ќе бидат во домашен притвор во хотел во Асунсион, сè додека не заврши судскиот спорт против нив. Роналдињо и неговиот брат беа уапсени кога со фалсификувани пасоши се обидоа да влезат во Парагвај.

Според нивните изјави, тие дошле во Парагвај поради хуманитарна акција за да помогнат во лекувањето на децата чии родители се сиромашни.

**Германија.**

## Реал Мадрид во трка за Ерлинг Халанд

Норвешкото чудо од дете се чини дека нема уште долго да се задржи во Бундеслигата. Ерлинг Халанд (19), каде што застана додека го носеше дресот на Салцбург, од јануари продолжи во ист ритам и во Бундерслигата. Халанд во дресот на Борусија Дортмунд на 11 натпревари постигна 12 гола и повторно ги залуде фудбалските гиганти.

Реал Мадрид подготвува понуда за неверојатниот Норвежанец. Откупната клаузула на Халанд изнесува 75 милиони евра, кои пред избувнувањето на кризата со коронавирусот изгледаше како смешна сума за најголемите екипи. Реал планира во преодниот рок да ѝ понуди на Борусија Дортмунд 60 милиони евра и е подготвен да се откаже од Лука Јовиќ.

Халанд ја воодушеви фудбалска Европа во дресот на австрискиот шампион Салцбург каде што на 27 натпревари оваа сезона постигна 29 гола и по само една година, за сума од 20 милиони евра во јануари се пресели во Борусија Дортмунд.



**Кошарка** Македонскиот репрезентативец далеку од дома



# Андреј Јакимовски „заробен“ во Торино

**Се пријавив за хуманитарен лет, и тоа уште пред три недели. Но, до овој момент немаме никаква информација дали е изводливо тоа да се направи од Италија. Нема друго, мора да бидеме трпеливи, вели Јакимовски**

Нашиот млад репрезентативец Андреј Јакимовски повеќе од еден месец е „заробен“ во Торино. Нема начин како да се врати дома, јавуваат од Кошаркарската федерација на Северна Македонија (КФСМ). Кошаркарското првенство во Италија (во сите рангови на натпреварување) и официјално е прекинато поради пандемијата на коронавирусот, соопшти тамошната кошаркарска федерација.

- Оваа одлука е донесена поради епидемиолошката криза со корона вирусот на територијата на целата држава - рече првиот човек на италијанската кошарка, Џовани Петручи. Во соопштението се наведува дека федерацијата е одлучна во намерата да го заштити здравјето на спортистите, тренерите, судиите и сите што учествуваат во организација на натпреварувањето и нивните семејства. Земени се предвид и мерките за социјално дистанцирање како и тоа што на многу од клубовите им беше дозволено да ги ослободат странските кошаркари да ја напуштат Италија.

Таква дозвола има и Андреј Јакимовски. Но, нашиот млад репрезентативец никако не успева да си замине од Торино, градот во кој егзистира неговиот сегашен клуб.

За жал, Јакимовски останува „заробен“, и што е уште, би се рекло полошо, не знае, кога и како би си заминал од градот во областа Пиемонт, една од најзагрозените во овие неприлики за човештвото.

- Веројатно така ни е судено, да чекаме. Нема што друго да правиме - констатира разочарано Јакимовски. Тој е повеќе од месец дена во своевидна изолација од светот, од градот што исто така е погоден со смртоносниот вирус, велат од КФСМ.

- Да, ги почитувавме максимално забраните што сè уште се на сила и за кои мислам дека ќе потраат уште долго време, можеби и еден месец. Не ни преостанува многу друго. Она што можев, го направив. Се пријавив за хуманитарен лет, и тоа уште пред три недели. Но, до овој момент немаме никаква информација дали е изводливо тоа да се направи од Италија, Нема друго, мора да бидеме мирни, да бидеме трпеливи. Ќе помине и ова. Ми недостасува кошарката, но во овој момент најважно е здравјето - порачува Јакимовски од Торино, кој настапува за младинскиот тим Новипју кампус Пиемонте, како и за сениорскиот состав на Торино (А2).

**Премиерлига.**

## Мане: Сакам да бидам шампион на теренот

Поради лошата состојба со епидемијата на коронавирусот во Англија, можно е да биде прогласен крај на сезоната во Премиер лигата. Ливерпул беше многу блиску да ја освои шампионската титула, со оглед на големата предност од дури 25 бода во однос на второпласираниот Манчестер сити, математички за да го обезбеди врвот му беа потребни уште две победи.

Поради тоа, многумина сметаат дека автоматски треба да им се додели титулата на „црвените“ во случај на откажување на сезоната, но еден од најдобрите фудбалери на Ливерпул, Сенагалецот Садио Мане, не се чувствува сè уште како шампион.

– Сè уште не се чувствувам како шампион. Јас сакам мојата работа и го сакам фудбалот, сакам да бидам шампион на теренот. Но, во оваа ситуација ќе имам разбирање што и да се случи. Тешко е за Ливерпул, но многу потешко за милиони луѓе во целиот свет. Луѓето губат членови на семејство и тоа е најкомплицираната ситуација. Што се однесува до мене, сон ми е да ја освојам титулата оваа година. Но, ќе прифатам доколку тоа не е случај, тоа е дел од животот – рече Мане.



## Скандинавски крстозбор

**30 минути**

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АВТОР: "SAGITTARIUS & OPHIUCHUS" | МОРНАР (МН.) | ПОРАНЕШНА ХРВАТСКА ТЕНИСЕРКА | ПАЦИФИЧКА ОСТРОВСКА ДРЖАВА | СВИРАЧИ НА ГЛИНЕНИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ | П | ГОРА, ШУМА (МН.) / АМПЕР | "МАГИСТЕР" | ИМАГИНАРЕН БРОЈ | ПРОСТ БРОЈ | ЖЕНСКО ИМЕ (КАТЕРИНА) | ПРИЛОГ ЗА МЕСТО | ВИД ЛЕКОВИТО РАСТЕНИЕ | ВИД ИНСЕКТИ | О | ОДДАЛЕЧЕНОСТ МЕЃУ ДВЕ ТОЧКИ (МН.) / НЕУТРОН | Р | ВЕРУВАЊЕ ВО БЕСМРТНОСТ МА ДУШАТА |
| НАШ ШАХОВСКИ ВЕЛЕМАЈСТОР | | | | | | | | | | | | | ЖЕНА НА СИНОТ ИЛИ БРАТОТ / ВРЕМЕ (ТУР.) | | | | |
| Н | | | | | | РЕОМИР / МАШКО ИМЕ (ИНОСЛАВ) | | ДЕЛ ОД ПАЛТО (МН.) / СКИЈАЧКА ДИСЦИПЛИНА | | | | | | | СТОЈАН ТАРАПУЗА / МИРАЗ | | |
| НАВИКНУВАЊЕ / ВИД ПУСТИНСКИ ГУШТЕРИ | | | | | | | ГРАД ВО МАКЕДОНИЈА / РУСКИ ПИЈАЛАК | | | | | | | СТАРОЕГИПЕТСКА БОЖИЦА / ТОДОР НИКОЛОВСКИ | | | |
| Џ | | | | | | | | | ДЕЛ ОД АТОМ / ШУМ НА КЛОКОТЕЊЕ | | | | | | | | |
| ПРШКИ / ПОСТАРА ХРВАТСКА ПЕЈАЧКА | | | | | | | | | | МУЗА НА АСТРОНОМИЈАТА / ОТПОРНО НА БОЛЕСТИ | | | | | | | |
| СТАРЕШИНА НА НЕКОЕ МЕСТО (МН.) (ТУР.) | | | | | | ЕКС БРИТ. ПОЛИТИЧАР КЛЕМЕНТ / СКОПСКА ХЕМ. ИНД. | | | | | ИВАН ТОЧКО / ЕНИ ЛЕНОКС | | | ХАРТИЈА ЗА ВИТКАЊЕ ЦИГАРИ / ШЕГА, ДОСЕТКА | | | |
| ИТАЛИЈАНСКИ ФУДБАЛЕР ФРАНЧЕСКО | | | | | РУДНИК БЛИЗУ КИЧЕВО / ДАНСКИ ОСТРОВ | | | | | | | | КРВНИ САДОВИ / БЛАЖЕНСТВО | | | | |
| НИГЕРИСКИ ФУДБАЛЕР САНДЕЈ | | | | | | | ДЕЛ ОД МИКРОСКОП (МН.) / "АД АКТА" | | | | | | | | ИВА ЗАНИКИ / НИШТО (ТУР.) | | |
| ЈАПОНСКА КОПНЕНА МИЛЈА / ЛУДОЛФОВ БРОЈ (3,14) | | | ПОЗНАТА ПАЛАТА КАЈ ВЕРСАЈ / ПОНД | | | | | | | | НАРОД / КАЛИУМ | | | | | | |
| П | | МАЛА ДРАМСКА ИЗВЕДБА | | | | | | ГРАД ВО УНГАРИЈА (ВИНО!) | | | | | | ЗИМЗЕЛЕНО РАСТЕНИЕ | | | |

РЕШЕНИЕ: НИКОЛА МИТКОВ, СНАА, НАВИКА, Р, РАКАВИ, СТ, ВАРАНИ, БИТОЛА, ПТА, ЏИМИРИНКИ, ЕЛЕКТРОН, ГАБИ НОВАК, УРАНИЈА, АЛАНИ, АТЛИ, ИТ, ЌАТ, ТОТИ, ОСЛОМЕЈ, ВЕНИ, ОЛИСЕХ, ОКУЛАР, ИЗ, РИ, ТРИАНОН, НАЦИЈА, И, ПИЕСА, ТОКАЈ, ЧАМ

## Шах

**ПРОБЛЕМИ ВО ДВА ПОТЕГА**







## Мозаичен крстозбор

**15 минути**



[illegible]

## Судоку

**15 минути**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 8 | | | 4 | 7 | | | 9 |
| | | | | 5 | | | | |
| 2 | 1 | | | 6 | | 7 | | |
| 8 | | 5 | | | 4 | 2 | | 6 |
| | | 9 | | | | 8 | | |
| 7 | | 6 | 5 | | | 9 | | 1 |
| | | 2 | | 3 | | | 9 | 8 |
| | | | | 1 | | | | |
| 6 | | | 7 | 8 | | | 4 | |

Решение: 5832476199678514232149637858351942761
29376854746528931472635198398412567651789342

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | | 9 | 1 | | | 8 | | |
| | 1 | | 4 | | 9 | | 7 | 3 |
| 4 | | | | | | | | 2 |
| | | | 6 | 7 | | 1 | | |
| | 2 | | | 9 | | | 6 | |
| | | 7 | | 8 | 1 | | | |
| 7 | | | | | | | | 8 |
| 5 | 9 | | 8 | | 7 | | 4 | |
| | | 1 | | | 5 | 7 | | 6 |

Решение: 3791268548124596734657389129346721851
28594367657381429746213598593867241281945736

# Скандинавски крстозбор

**30 минути**

ПОПУЛАРНА КУЛИНАРСКА ТВ ЕМИСИЈА | СИМНУВАЊЕ ТОВАР | МАЖ НА КЕРКАТА (МН.) | ИНДИЈАНСКО ПЛЕМЕ | ВИД ЗАНАЕТЧИИ | К | КРАТКО, НЕВИСОКО / ЈАН ТИМАН | ЗЕМАЊЕ ПАРИ ЗА НАПРАВЕНА УСЛУГА | Р | СЕЛО БЛИЗУ ТЕТОВО | СОСТОЈКА ВО ЖОЛЧКАТА ОД ЈАЈЦЕТО / ЛИТАР | Л | ГОТВАЧ ВО ТВ ЕМИСИЈАТА (ФОТО ГОРЕ ДЕСНО)



Б | ИНДУСТРИСКА БИЛКА / ИВАН ТОЧКО

ВОЗДУШЕН БАЛОН (МН.) | ЦИРИЛ ИНГОЛИЧ / ЕДЕН КЕНТАУР

МОДЕЛ НА ФИАТ | АРТИСТОТ СВЕЗИ / ЛЕКОВИ ЗА УШНИ БОЛЕСТИ

УКРАС НА НАРОДНА НОСИЈА | ИЗВИК ВО КОРИДА / ПОЛЕТ, ЗАНЕС | КАМЕРУН. ФУДБАЛЕР САМУЕЛ / КОМПОЗИТОР МОКРАЊАЦ

П | НАЧИН НА ПИШУВАЊЕ / УГРО - ФИНСКИ ПАДЕЖ | СКЛАДОВИ ЗА ОРУЖЈЕ / ЈОН ИСАЈА | А | НЕНУЖЕН ОСТАТОК ОД НЕШТО | ЦВРСТ, ПОСТОЈАН, ОПРЕДЕЛЕН / ПРЕФИКС: ЖИВОТ | Ф

ДЕЛО ОД ПИСАТЕЛОТ СИМО МАТАВУЉ / МАШКОСТ | ГЛАВЕН ГРАД НА КЕНИЈА / ИМПЕРАТОР

АМПЕР / ПРОСТ БРОЈ | АВСТРИЈА / ИСТОК | НЕРЕЗ, НЕСКОПЕНО ДОМАШНО ЖИВОТНО / КАЛИУМ | ПРИВРЗАНИК НА МИСТИЦИЗМОТ / МУДАР СТАРЕЦ

Т | БОЈА ЗА КОСАТА | САД ЗА ТОЛЧЕЊЕ (МН.) / СЛОВЕНЕЧКИ СКИЈАЧ БОРИС | ЕП, СПЕВ / ШТАВЕНА ОВЧА КОЖА



ГЛАВЕН ГРАД НА ТЕКСАС (С.А.Д.) | ВОДАЧ, ПОГЛАВАР / ПСИХИЧКИ НАПНАТО | ЕЛЕКТРОН / ПРЕФЕКТУРА ВО РИМСКАТА ИМПЕРИЈА

О | ГРАД ВО ДАЛМАЦИЈА / ЕЛОВО ДРВО

С | ПОЗНАТ ПАРИСКИ ПЛОШТАД / АТЛЕТИЧАРКАТА ТЕМИМ | ЛУМЕН / ДРЖАВА ВО ЕВРОПА | ИЗРАЕЛСКИ СПОРТСКИ КЛУБ

МРША, ТРУП / РЕНИУМ / ГРАД ВО РУСИЈА | РИБАРСКА МРЕЖА / УТВРДЕНО, ОФОРМЕНО | ГРАД ВО КИНА / ГРАД ВО ФРАНЦИЈА ДО ПАРИЗ

Б | НАРОДНИ ТАНЦИ / МЕНИЧНА ГАРАНЦИЈА

ВОДИТЕЛКА НА ТВ ЕМИСИЈАТА (ФОТО ГОРЕ ЛЕВО) | ТИБЕТСКА ГРАНКА НА БУДИЗМОТ | ЛИНИЈА ШТО ЈА ДЕЛИ ЗЕМЈАТА НА ДВЕ ПОЛУТОПКИ / ЕЛКА | Е | ОРИЕНТАЛНА ТОПЛА НАПИВКА | СИМЕНС / ЕГИПЕТСКИ БОГ НА СОНЦЕТО | РЕДЕН БРОЈ / СКРОТИТЕЛ | СЛОВАЧКИ ПИСАТЕЛ ШТЕФАН / ПЛЕМСКА ТИТУЛА (МН.)

А

С | КОБАЛТ / ВИД ПИЛОТСКА АКРОБАЦИЈА | МУСЛИМ. МАШКО ИМЕ / СРПСКИ АРХИТЕКТ АЛЕКСАНДАР

ПЕЈАЧОТ АДАМО / ОДДЕЛЕН ДЕЛ ОД НАСЕЛБА | КОМПОЗИТОРОТ ГРИГ / ПРЕДЕЛ ВО КАЊОНОТ МАТКА | ЈУЖНОАМЕРИКАНСКО ЖИВОТНО (МН.)

Л | ЕДЕН СПОРТИСТ / ПЕЈАЧКАТА НИМАНИ | ДЕЛЧЕВО / ГРАД ВО ГЕРМАНИЈА БЛИЗУ БЕРЛИН



ЛАНТАН / ВИД ЛЕКОВИТО РАСТЕНИЕ | МАШКО ИМЕ / ШИФРА

ПРЕВЕЗ, ФЕРЕЏЕ | ПАРЧЕ МЕСО СО РЕБРА / ИСТИ БУКВИ | ОРГАН ЗА СЛУХ / ОЛИВЕРА НИКОЛОВА

КОНАК, МЕАНА | ДОМАШНО ЖИВОТНО / РЕОМИР | СТ. РИМСКА ПРОВИНЦИЈА ПОКРАЈ ДРАВА / ЈУГ

ГОТВАЧ ВО ТВ ЕМИСИЈАТА (ФОТО ДОЛУ ДЕСНО) | ОКСИГЕНИУМ

РЕШЕНИЕ: БРЗА КУЈНА, ЛЕН, АЕРОСТАТИ, ЦИ, СТИЛО, ПАТРИК, ТОКА, ОЛЕ, ЕТО, ПОВАРЕТА, СТИЛ, ВИРИЛИТЕТ, НАЈРОБИ, А, А, АКАЛЕЦ, МИСТИК, ТРИ, КНА, АВАНИ, ЕПОС, СТАРЕШИНА, Е, ОСТИН, СКРАДИН, СТРВ, ЕТОАЛ, Л, РЕ, АЛОВ, ИПИМ, БЕЛОМОРСК, ОРА, С, ПРВ, КРАЛИК, АЛЕКСАНДРА ИЛИЕВСКА, САЛВАТОРЕ, ЦО, ЈАКУБ, МААЛО, ЕДВАРД, ЛАМИ, ЛА, ТЕНИСЕР, ДЕ, ИЗОП, ВЕЛИБОР, ЗАР, КАРЕ, УВО, АН, КОЊ, НОРИК, МАРК ДЕ ЈОНГ, О

# Забава

## Занимливости.

### Панди се пареле првпат во 10 години, бидејќи Зоолошката градина е празна поради пандемијата

• Пандите Ле Ле и Јинг Јинг од Зоолошката градина „Океан Парк ЗОО“ во Хонг Конг првпат успешно се пареле во 10 години.

Зоолошката градина во која живеат овие две панди е затворена поради пандемијата на коронавирусот од јануари, а се чини дека мирот и тишината ги поттикнала да се „фрлат“ на работа.

Како што вработените во Зоолошката градина објавиле на Фејсбук во понеделникот, околу 9 часот наутро ги „уловиле“ пандите среде парење.

Ле Ле и Јинг Јинг живеат во Зоолошката градина од 2007 година, а последен пат се пареле во 2010 година. Сите обиди на вработените во градината да ги наведат пандите на парење во последните девет години биле неуспешни.

- Успешното парење е многу возбудливо за сите нас, особено затоа што шансите дека тоа ќе резултира со зачнување се поголеми отколку со вештачкото оплодување - рекол директорот на Зоолошката градина, Мајкл Бус.



### 101-годишна баба избегала од домот за да оди на роденден кај ќерка си

• Баба на возраст од 101 година избегала од Домот за стари лица каде што била згрижена за да оди на роденден кај ќерка си, и покрај строгите забрани



да не се напушта објектот поради опасност од ширење на коронавирусот.

Жената успеала да избега од домот, поминувајќи низ излезот наменет за итни случаи. Набргу потоа полицајците ја забележале бабата како дезориентирано шета по улиците, а кога ја прашала каде живее, таа тврдела дека треба да ја однесат кај ќерка ѝ бидејќи таа живее со неа, а не во старскиот дом во чијашто близина шетала.

Полицијата ѝ поверувала на бабата и ја однеле кај ќерка ѝ, но кога застанале полициските службеници пред домот на ќерка ѝ, таа им кажала дека мајка ѝ веќе две недели живее во домот од каде што избегала.

-Бабата барем кратко може да ја види ќерка си од прозорецот на полициското возило, по што беше вратена во домот - изјавиле од полицијата.

## ВИЦОВИ

**ЛЕСНА БОЛЕСТ**

Две русокоси разговараат што ѝ рекол лекарот на контрола на едната русокоса:

- Имам многу лесна болест!
- Која?
- Паа... ми рече нешто ЗДРАВЈЕ!

**УЧИТЕЛКА**

- Трпе, зошто татко ти денеска беше на училиште?
- Учителката го викна за да се жали од мене.
- И што стана?
- Е, па, ништо, учителката ми рече сега да ја викнам мајка ми, за да се жали од татко ми!

**ПАТИКИ**

Му купиле на малиот Трпе патики. Тој многу им се радувал. Но, првите денови тој не ги вадел од кутијата.

- Трпе, зошто не ги носиш новите патики што ти ги купивме пред 2 дена?
- Мамо, па продавачката рече дека првите 2-3 дена можат да ми направат плускавици, па затоа решив да ги носам по 2-3 дена!

**РАМНОТЕЖА**

Цветко, „мртов“ пијан легнал на улица и полека лазел, некој полицаец го видел и го прашал:

- Зошто ползиш?

И овој му одговара:

- Барам нешто.
- Е, што бараш?
- Рамнотежа.

**ПСИХИЈАТАР**

Оди згодна жена на психијатар и тој ѝ вели:

- Ајде сега соблечете се.
- Ама како да се соблечам тука, незгодно ми е од вас.




- Нема проблем, еве јас ќе го изгаснам светлото, а вие соблечете се.

Се гаси светлото, поминува некое време и жената:

- Добро, се соблеков. Каде да ги ставам алиштата?
- Па, еве, можеш тука врз моите.

**ГОДИНИ**

Разговараат две жени.

- Ти, всушност, колку години имаш?
- 25!
- Е, ајде не се шегувај, лани ми рече исто дека имаш 25!
- Е, јас не сум од оние што еднаш велат едно, после друго!

Атомска бомба

Блажо и Ристе разговараат и Блажо го прашува Ристе:

- Не можам да се изначудам, ти што работиш што земаш толкава плата!?
- Па бришам прашина од атомска бомба...
- Леле, и што ако пукне?
- Па што ми е гајле, не е моја.

**МЛАДОСТ**

Маж во години наутро се бричи, се намирисува со колонска вода и ѝ вели жената:

- Жено! Кога вака по бричење ќе се намирисам, се чувствувам 10 години помлад.
- Зошто, мажу, не се бричиш навечер?

**ГЛУПАВИ**

Разговараат двајца глупави мажи:

- Знаеш ли дека жена ми ме изневерува со петел, најдов пердуви во креветот!
- Ееее, тоа не е ништо. Мене жена ми ме изневерува со камион, го најдов шоферот во мојот кревет!

## Деновиве пред години.







**1821.** Во Париз е роден Шарл Бодлер, еден од најголемите француски писатели на 19 век. Се занимавал со литература и уметничка критика, а неговата поезија е одраз на очајот и на корупцијата на современата цивилизација. Ги надминал естетските форми на своето време, во поезијата внесол оригинални бои и егзотика, задржал елементи на романтизмот и го навестил симболизмот. Главно негово дело е збирката песни „Цвеќето на злото“. Умрел на 31 август 1867 година.

**1933.** Роден е францускиот филмски актер Жан Пол Белмондо, носител на главни улоги во речиси сите важни филмови за францускиот „нов бран“ од 60-тите години на 20 век. Тој играл во филмовите „Биди убава и молчи“, „До последен здив“, „Модерато кантабиле“, „Крадец“, „Борсалино“, „Страв над градот“, „Мисисипи“ и други.

**1997.** Во Скопје умрел Стево Теодосиевски, македонски естраден уметник, музички педагог и хуманист, сопруг на познатата пејачка од ромско потекло Есма Рецепова. Роден бил во Кочани, во 1924 година.

**2005.** Британскиот престолонаследник принцот Чарлс и Камила Паркер Боулс се венчале во Виндзор. Венчавката првпат во историјата на монархијата во Обединетото Кралство била спроведена според граѓанска процедура во локалната општина. Првата сопруга на Чарлс, принцезата Дајана, загина во сообраќајна несреќа во Париз, во 1997 година.

## Избор од ТВ-програмата







**19:40** КАНАЛ 5
**Тажна жена**
играна серија

**23:15** ТЕЛМА
**Во срцето на морето**
филм

**21:45** 24 ВЕСТИ
**Ај не замарај**
играна серија

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

| | |
|---|---|
| 09:10 | ТВ училница |
| 12:45 | Си било еднаш |
| 13:20 | Аграр |
| 14:35 | Пријатели на модата |
| 17:45 | Тунел |
| 18:30 | Дајте музика |
| 20:15 | Преспав |
| 21:40 | Пријатели - филм |
| 23:30 | Предупредувачки истрел - филм |

### ТЕЛМА
вести 12:30 15:30 18:30

| | |
|---|---|
| 07:00 | Телма Амбуланта |
| 07:55 | 90 минути |
| 11:10 | Топ тема |
| 16:15 | Црвена линија |
| 17:30 | Велвет – серија |
| 19:15 | Вин Вин |
| 20:35 | Топло - ладно – серија |
| 22:15 | Бесрамници – серија |
| 23:15 | Во срцето на морето – филм |

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:55 | Здраво Македонијо |
| 10:00 | Визита |
| 11:10 | Ние и вие - премиера |
| 12:00 | Македонски приказни |
| 18:40 | Само вистина! |
| 19:40 | Тажна жена – серија |
| 20:30 | Вести - Корона во Македонија |
| 21:30 | Забрането јаболко – серија |
| 00:30 | Бекстејџ |

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07.00 | Македонија Денес |
| 10.15 | Фактор Здравје |
| 11.00 | Во Тек |
| 16.00 | Очи в очи |
| 17.45 | Отворено Студио |
| 20.40 | Столици |
| 21.45 | Ај не замарај - серија |
| 23.00 | Флексија |
| 23.30 | Женски Рај - серија |

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 08.10 | Ја сакам Македонија |
| 10.00 | Дива земја - серија |
| 12.10 | Практична жена |
| 17.00 | Брза кујна |
| 17.50 | Се или нешто - квиз |
| 19.45 | Близнаци - серија |
| 21.00 | Сестри - серија |
| 22.00 | Истанбулската невеста - серија |
| 23.35 | Полицајци почетници - серија |

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07:00 | Документарна програма |
| 08:00 | Нов ден |
| 11:15 | Со стил |
| 16:40 | Попладне |
| 17:25 | Бескрајна лубов - серија |
| 17:50 | Прости ми – серија |
| 19:45 | Држиме за рака - серија |
| 20:45 | Мојата керќичка - серија |
| 22:00 | Економски магазин |

### HBO



Колдплеј - Сао Пауло 15:10

| | |
|---|---|
| 06:35 | Белото момче Рик |
| 08:25 | Дора истражува... |
| 10:10 | Младиот Шелдон III |
| 10:55 | Потрагата по Немо |
| 12:35 | Хари Потер и каменот на мудроста |
| 15:10 | Колдплеј - Сао Пауло |
| 17:15 | Ти бркаш! |
| 19:00 | Заговорот против Америка |
| 20:00 | Велигденска мисија |
| 21:25 | Другата страна на сè |
| 23:15 | Аксиос III |
| 23:55 | Рѓа и коска |
| 01:55 | Ритамот на лудилото |
| 03:45 | Пак ти |
| 05:30 | Холивуд: На снимање XVII |

### HBO 2



Враќањето на кучето 19:00

| | |
|---|---|
| 06:00 | Подивување: Тотален хаос |
| 07:45 | Барајќи ја Дори |
| 09:25 | Луѓе во црно: Интернационала |
| 11:20 | Големи мали лаги |
| 12:10 | Потпретседателка |
| 12:40 | Вајс: Нераскажана приказна за... |
| 14:20 | Готвачка романса |
| 15:45 | Национално богатство |
| 17:55 | Мојата генијална другарка |
| 19:00 | Враќањето на кучето |
| 20:35 | Капетанка Марвел |
| 22:40 | Брајтбурн |
| 00:10 | Веном |
| 02:00 | Холивудленд |
| 04:05 | Интервјуто |

HBO



### РЃА И КОСКА

Али е самохран татко на петгодишно дете. Сем е неговиот син, но едвај го познава. Без дом, без пари и без пријатели, Али наоѓа сместување кај својата сестра Ана во Антибе, на југот на Франција. Таму работите веднаш се подобруваат. Таа ги сместува во својата гаража и се грижи за детето. При една тепачка во ноќен клуб, Али ја среќава Стефани која тренира орка китови. Тој ја вози до дома и ѝ го остава својот телефонски број. Тој е сиромашен, а таа е убава и полна со самодоверба. Кога една од нејзините тренинг-сесии завршува со трагедија, еден повик во ноќта повторно ги спојува. Кога Али ја гледа следниот пат, таа е врзана за инвалидска количка бидејќи ги има загубено своите нозе, а со нив губи и многу од своите илузии. Директниот пристап без сожалување кој го има Али, станува спас за Стефани, но и Али се менува преку цврстината и истрајноста на Стефани, па таа наоѓа нова смисла во животот.

### ГОТВАЧКА РОМАНСА

HBO 2



Карли и Џејсон се запознаваат на една емисија за готвење и помеѓу нив се создава хемија додека се натпреваруваат кој да биде најдобар готвач. Џејсон ненадејно исчезнува, но тие повторно се среќаваат по три години на една готвачка пресметка, натпреварувајќи се за сопствен ресторан. Камерата ги фаќа додека си разменуваат насмевки и се натпреваруваат, но и поддржуваат меѓусебно. Но кога стануваат финалисти, чувствата почнуваат да вријат, а Карли почнува да мисли дека Џејсон го копира нејзиното јадење. Само еден може да победи, но ако нивната врска страда поради тоа, и двајцата ќе изгубат.

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.

• Ќе сфатите дека со право сте биле „со резерва“ во одредени ситуации, па може полесно да се приближите до успехот. Отргнете се од рутината и создадете си нови рутини што ќе ви го релаксираат умот. Ако работите, бидете флексибилни кон колегите. На љубовно поле владее смирена атмосфера и пријатни моменти. Уживајте максимално со партнерот меѓу четири sида.

**Бик**
21.4 - 20.5.

• Ќе добиете поволни вести, потребни ви се соработници кои се на вашето ниво. Ова е моќен ден за вас во кој ќе постигнете цел која сте ја сметале за недостижна. Не прескокнувајте фази од вашиот напредок, ниту еден успех не доаѓа преку ноќ. Полека, но сигурно – тоа е ваш рецепт за успех. Запомнете, не е љубов сè што ви се сервира како љубов. Внимавајте кому му завидувате.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.

• На професионално поле, вашата комуникација со соработниците во следниот период би можела да доведе во нови, креативни решенија. На емотивно поле, како да немате желба со партнерот да разговарате на многу теми, некако се повлекувате во себе. Вашата врска со саканата личност ќе ја донесете до раскрсница на некој начин.

**Рак**
22.6 - 22.7.

• За оние кои работат, не испуштајте шанси за можен напредок. Немојте да избрзувате со зборувањето и обидете се да бидете што појасни во сериозните дискусии. Импресионирајте ги сите околу вас. На љубовно поле искористете го максимално времето заедно. Ќе одговорите на чувствата на партнерот и ќе бидете поотворени за љубов.

**Лав**
23.7 - 23.8.

• Поголем дел од енергијата што ја поседувате ќе ви ја донесе работата. Можеби ќе влезете во некоја нова работа или нова работна средина. Бидете штедливи и не влегувајте во нелегални комбинации. Ќе се двоумите околу покажување на чувствата, минатите искуства ви ги нарушуваат сегашните околности. Некој пријател ќе ве поттикне да правите посмели чекори во животот.

**Девица**
24.8 - 23.9.

• На професионално поле, покажете трпение во комуникацијата со соработниците за да успеете да најдете заедничко решение. На емотивно поле, крајот на вашата врска доаѓа во следниот период. Ќе ви треба време за да бидете подготвени за нова љубов. Не очајувајте, позната ви е изреката – една врата се затвора, друга се отвора. Истото важи и за вас.

**Вага**
24.9 - 23.10.

• Ви престои решавање на проблемот кој подолго време ве мачел и ве блокирал. Во секој случај ќе имате среќа. Некои од вас ќе имаат успех и во новата деловна соработка. Можно е да сте многу ангажирани за некоја работа која за некој месец ќе ви донесе поголеми приходи. Не се оптоварувајте со парите. Најубаво ќе се чувствувате во вашиот дом.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.

• Се чувствувате ранливо и несигурно? Иако најчесто вие сте самоуверена личност која не дозволува ништо да ја „скрши“, денес ќе чувствувате како да сте го спуштиле штитот. Внимавајте, лесно може да бидете повредени. Важно е да не им судите на луѓето по изгледот. Во последно време сте многу критични кон другите. Понекогаш, волкот се крие во овча кожа.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.

• Денот ќе се одвива со забрзано и динамично темпо, ќе мора да бидете во чекор со случувањата, но тоа може да ви причинува задоволство. Сепак на крај, најдете време за себе. За оние кои работат, останете смирени и фокусирани на плановите. На љубовно поле побегнете од рутината и зачинете го односот. Конечно завладее мирна атмосфера.

**Јарец**
22.12 - 20.1.

• Денешните случувања ќе ви го променат погледот кон светот. Нечија животна приказна ќе ви покаже дека вашиот живот е многу подобар отколку што си мислите и ќе ве направи благодарни за сè што имате. Не плашете се да ги редефинирате вашите приоритети. Дел од вашиот живот кое претходно сте го сметале за премногу важно, сега ќе ви стане незначително. Но, тоа нема да трае вечно.

**Водолија**
21.1 - 18.2.

• На професионално поле, бидете подготвени на изненадувања кога е во прашање ова поле. Нема да биде се онака како што очекувате. Денешниот ден ви носи мали работни проблеми. На емотивно поле, вистинско време да се смирите со партнерот од минатото кон кој и натаму имате чувства. Не се јадосувајте, сè ќе се среди. Редовно јадете.

**Риби**
20.2 - 20.3.

• Добро ќе ви дојде некој совет од блиските или поискусните, бидете отворени за предлози и идеи. Се одржувате во добра форма, бидете физички активни колку што е можно. За оние што работат, искористете ги шансите да дојдете до информации. Ќе гледате на љубовта од друг агол. Ако сте во врска, сè што досега ви изгледало шармантно кај партнерот, повеќе нема да ве одушевува.

german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

Implemented by giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

## CALL FOR EXPRESSION OF INTEREST #83353762

**PN: 16.2173.9-002.00**
Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH in Bosnia and Herzegovina plans to carry out the selection process of physical persons (consultants) for services within the Policy Development and Coordination component of the project **Strengthening of Public Insitutions (SPI). The program is co-financed by the UK's Good Governance Fund (GGF).** The subject of the tender is to provide support to the strengthening the capacity of the senior management of ministries in developing comprehensive Regulatory Impact Assessments (RIA) on the priority legislation/regulation based on the Work Programme of the Council of Ministers of Bosnia and Herzegovina.

The expression of interest should include the following elements: Letter of interest, updated version of their curriculum vitae (CV) and proof of qualification for the assignment in the form of relevant documents and references.

To receive the description of tasks, please contact us via the following e-mail address: GIZ-BosnienHerzegowina@giz.de **stating the number of the call.**

Please send your expression of interest to following mail adress: **Ba_Quotation@giz.de by 17.04.2020 reffering to proceeding number: 83353762**

The selected bidders, after evaluating the received expression of interest, will be contacted and invited to participate in the bidding process.

## РУСКА КОСМИЧКА VIP МЕДИЦИНА ЗА ПРОСВЕТЛЕНИ УМОВИ

ПРВА НА БАЛКАНОТ, АЛТЕРНАТИВНА, ИНТЕРНАЦИОНАЛНА, УНИВЕРЗАЛНА, ИНТЕРНЕТ "КЛИНИКА" ЗА БЕЗКОНТАКТНИ КОНСУЛТАЦИИ, ДИЈАГНОСТИКА и ЛЕЧЕЊЕ! ВО СОРАБОТКА СО РУСКИ КОЛЕГИ ВИ ПРУЖАМЕ:

ДОКТОР ЦВЕТИН®
ИНТЕРНАЦИОНАЛ
СРБИЈА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА, БИХ, БУГАРИЈА

### ДИЈАГНОСТИКА ПРЕКУ МОБИЛЕН

НАШИОТ РУСКИ КОЛЕГА (СПЕЦИЈАЛИСТА ПО РАДИО ФРЕКФРЕНТНА ДИЈАГНОСТИКА) САМО ПРЕКУ ФОТО ИЛИ ВИДЕО СНИМКА НА КЛИЕНТОТ, ПРИМЕНА ПРЕКУ МОБИЛЕН, МОЖЕ ДА ЈА ПРОВЕРИ ТОЧНОСТА НА БИЛО КОЈА НЕГОВА **ДИЈАГНОЗА, ПОСТАВЕНА БИЛО КОГА, ОД БИЛО КОЈ ДОКТОР, ЗА БИЛО КОЈА БОЛЕСТ.** ИЛИ ДА ПОСТАВИ СВОЈА ДИЈАГНОЗА. ЌЕ ДОБИЕТЕ И ИНФОРМАЦИЈА ОД ШТО ТОЧНО СТЕ БОЛНИ, ДАЛИ ИМАТЕ РАК, ЛЕУКЕМИЈА ИЛИ БИЛО КОЈА ДРУГА ТЕШКА ХРОНИЧНА, АВТОИМУНА ИЛИ ГЕНЕТСКА БОЛЕСТ. ПОТОА ВИ СЕ КАЖУВА КОЈ Е ЛЕКОТ (БИЛКА, СУПЛЕМЕНТ, МИНЕРАЛ ИЛИ КОМБИНАЦИЈА НА РУСКИ БОМБОНИ).

### ЛЕЧЕЊЕ НА ДЕЦА ЗАОСТАНАТИ ВО РАЗВОЈОТ

СО ПОМОШ НА РУСКИТЕ КОЛЕГИ СТАНАВМЕ ВРВНИ ЕКСПЕРТИ ВО ЛЕКУВАЊЕ НА ДЕЦА: ПРЕДВРЕМЕНО РОДЕНИ, ОШТЕТЕНИ ОД ВАКЦИНАЦИИ, ХИПОКСИЈА, ДЦП ИЛИ ОД РАЗНИ ГЕНЕТСКИ БОЛЕСТИ,КОИ ИМААТ ПРОБЛЕМИ СО ИНВАЛИДНОСТА, МОТОРИКАТА, ВИДОТ, СЛУХОТ, ГОВОРОТ, ОДЕЊЕТО,ЕПИЛЕПСИИ, ГРЧЕВИ. ПОСЛЕ НЕКОЛКУ МЕСЕЦИ ДОМАШНО ЛЕКУВАЊЕ, ПО НАШАТА РУСКАТА МЕТОДА ДЕЦАТА ПРОГЛЕДУВААТ, ПРОЗБОРУВААТ, ПРООДУВААТ,НЕМААТ ЕПИЛЕПСИИ,ГРЧЕВИ. УСПЕШНО НАПРЕДУВААТ

### РАК ЛЕУКЕМИЈА

БИЛО КОЈ, БИЛО КАДЕ, КАЈ ДЕЦА И ВОЗРАСНИ, МОЖНО Е ИЗЛЕКУВАЊЕ СО ПРИРОДНИ ЛЕКОВИ.

ДОБИВТЕ ДИЈАГНОЗА РАК, ДОКТОРИТЕ ОД ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО ВЕ УБЕДУВААТ ДЕКА РАК (БИЛО КАДЕ ВО ЕВРОПА) СЕ ЛЕЧИ САМО СО ОПЕРАЦИЈА, ХЕМОТЕРАПИЈА И ЗРАЧЕЊЕ, А ВИЕ ЗНАЕТЕ ДЕКА НА ОВОЈ НАЧИН МНОГУ МАЛКУ ЗАБОЛЕНИ СЕ ИЗЛЕЧИЛЕ. БАРАТЕ СОВЕТИ ОД ИНТЕРНЕТ, ОД СЕЗНАЈКОВЦИ,БИЛКАРИ,АПОТЕКАРИ. КУПУВАТЕ И ЗЕМАТЕ ОД СЕ И СЕШТО, НО РЕЗУЛТАТИ НЕМА.ВИЕ СТЕ ВО ОЧАЈНА ТЕМНИНА. НИЕ ВИ НУДИМЕ СВЕТЛИНА ВО ТУНЕЛОТ! АКО СЕ ОБРАТИТЕ КАЈ НАС ВИ НУДИМЕ ПРОФЕСИОНАЛНА, ЕФИКАСНА И ДОКАЖАНА РУСКА ОБУКА ЗА ДОМАШНО САМОИЗЛЕКУВАЊЕ. ПРОЦЕДУРАТА Е СЛЕДНАТА: ПРВО ЈА ПРОВЕРУВАМЕ ТОЧНОСТА НА ВАШАТА ДИЈАГНОЗА ПРЕКУ VIBER КАЈ КОЛЕГИТЕ ВО РУСИЈА. БИДЕЈЌИ НА ИНТЕРНЕТ ИМА ДОКАЗИ НА СВЕТСКО НИВО, А И НИЕ СМЕ СЕ УВЕРИЛЕ ВО ТОА, ПРЕКУ ТЕСТИРАЊЕ НА КЛИЕНТИ СО ДИЈАГНОЗА РАК ОД ПОВЕЌЕ ЗЕМЈИ НА БАЛКАНОТ, ДЕКА МНОГУ ОД НИВ НЕ СЕ ТОЧНИ, А НАЈЧЕСТО НА ДОЈКА И ПРОСТАТА. АМЕРИКАНЦИТЕ САМИТЕ ПРИЗНАВААТ ДЕКА ГОДИШНО ИМААТ ПРЕКО 300 000 НЕПОТРЕБНИ ОПЕРАЦИИ НА ДОЈКА И ПРОСТАТА ПОРАДИ НЕТОЧНИ ДИЈАГНОЗИ. АКО НАВИСТИНА ИМАТЕ РАК, РУСИТЕ ЌЕ ДАДАТ ПРЕЦИЗНИ ИНСТРУКЦИИ, КАКО МОЖЕТЕ ДА СЕ САМОИЗЛЕКУВАТЕ СО ДАРОВИ ОД ПРИРОДАТА. АКО СТЕ СРЕЌНИК И ОНИ КАЖАТ ДЕКА НЕМАТЕ РАК, ТУКУ НЕКОЈ ДРУГ ПРОБЛЕМ, ЌЕ ДОБИЕТЕ И ЗА НЕГО ИНСТРУКЦИИ, КАКО МОЖЕ И ОД ТОА САМИ ДА СЕ ИЗЛЕЧИТЕ.

### ЛЕЧЕЊЕ НА ВОЗРАСНИ

ПОЧИТУВАНИ ИЗНЕМОШТЕНИ КОЛЕГИ, ДОКТОРИ НА МЕДИЦИНА, АКАДЕМИЦИ, МЕНАЏЕРИ, БИЗНИСМЕНИ, КРЕАТИВНИ УМЕТНИЦИ, ПОЛИТИЧАРИ, ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РУСКИТЕ МУЛТИ ФУНКЦИОНАЛНИ БИЛНИ БОМБОНИ КОИ ИСТОВРЕМЕНО ВЕ ЛЕЧАТ, ГО РЕГЕНЕРИРААТ ЦЕЛОТО ТЕЛО, А ОСОБЕНО СРЦЕТО И КРВНИТЕ САДОВИ, 'РСКАВИЦАТА ВО СИТЕ ЗГЛОБОВИТЕ. ЕЛИМИНИРААТ БОЛКИ, ПОДМЛАДУВААТ И РАЗУБАВУВААТ СЕКОГО,( ВИДНО ОД МОЈАТА ФОТОГРАФИЈА) МУ ЈА ВРАКААТ СНАГАТА, ПОТЕНТНОСТА, БРИШАТ СТРЕСОВИ,ЈА ЧИСТАТ ЛИМФАТА,КРВТА И КРВНИТЕ САДОВИ ОД ТОКСИНИ, МАСНОТИИ,ТРОМБИ, ХЕМОРОИДИ И ГАНГРЕНИ.ГО БИСТРАТ МОЗОКОТ, ПАМТЕЊЕТО (ДЕМЕНЦИИ, АЛЦХАЈМЕР, ТРЕМОР, МОЗОЧНИ УДАРИ, АТЕРОСКЛЕРОЗА),ПАРКИНСОН, ЕПИЛЕПСИИ.

СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА АЛТЕРНАТИВНИ МЕДИЦИНИ: КОСМИЧКА, КИНЕСКА, ХОМЕОПАТСКА, КВАНТНА, НУТРИЦИОНИСТИЧКА,ФИТО & НУТРИ ОНКОЛОГИЈА
ПРИЗНАНИЕ ЗА ЕФИКАСНО ЛЕЧЕЊЕ НА РАК И ДРУГИ ТЕШКИ ХРОНИЧНИ БОЛЕСТИ
АКАДЕМИК НА ЕВРОПСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИ




МОЖЕТЕ И ВИЕ ДА ИЗГЛЕДАТЕ КАКО МЕНЕ НА 73 години. ЈАВЕТЕ МИ СЕ !!!

FACEBOOK: DOKTOR CVETIN
dr. ALEKSANDAR CVETINOVSKI
№ 1 ВО СРПСКАТА АЛТЕРНАТИВА
НЕ КОНТАКТИРАМ ПРЕКУ MESSENGER
ЛИЧНО ПОСЕТУВАМ ПАЦИЕНТИ ВО 5 СОСЕДНИ ДРЖАВИ
ОДГОВАРАМ САМО НА ПОЗИВИ ОД МОБ. ТЕЛЕФОН ПРЕКУ VIBER, WHATSAPP
+389(0)70 52 00 54 VIBER / WHATSAPP
+381(0)61 1557477 VIBER / WHATSAPP
email doktor.cvetin@yahoo.com

### НИШТО СЛИЧНО НА СВЕТОТ НЕ ПОСТОИ

РУСКИТЕ БИЛНИ БОМБОНИ ЕЛИМИНИРААТ ПРЕКУ 250 ВРСТИ (СТАРИ И НОВИ) НАЈОПАСНИ ВИРУСИ БАКТЕРИИ, ПАРАЗИТИ И ГАБИ

КОМБИНАЦИИ ОД 14 ВРСТИ ЕФИКАСНО ПОМАГААТ ВО ЛЕКУВАЊЕ НА БОЛЕСТ: РАК, ЛЕУКЕМИЈА, АКУТНИ ВИРУСНИ И БАКТЕРИСКИ, БИЛО КОИ ХРОНИЧНИ, АВТОИМУТНИ, ИНФЕКТИВНИ, ГЕНЕТСКИ И "НЕИЗЛЕЧИВИ" БОЛ.

БОМБОНИТЕ НЕ СЕ ЛЕКАРСТВА, НЕ СЕ ДОДАТОЦИ ВО ИСХРАНА, ТУКУ НОВ ВИД ЌЕЛИСКА ХРАНА СО СЕРТИФИКАТИ: KOSHER, HALAL, TUV, ISO 22000, HACCAP.

КОЈ САКА ЌЕ МУ ИСПРАТИМЕ ПЕЧАТЕНИ И ВИДЕО ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА ВО ЛЕКУВАЊЕ И ПОДМЛАДУВАЊЕ СО РУСКИТЕ БИЛНИ БОМБОНИ

НАШАТА ЕКИПА Е СОСТАВЕНА ОД ВРВНИ ДОКТОРИ НАТУРОПАТИ:МАКЕДОНЦИ,СРБИ, РУСИ, БУГАРИ, СПОСОБНИ ДА СЕ СПРАВАТ СО БИЛО КОЈА "НЕИЗЛЕЧИВА" БОЛЕСТ. ПРАШАЈТЕ КАЈ НАС ЗА НЕА!

literatura.mk




СО ПРОМОТИВНА ЦЕНА ВО СИТЕ ПРОДАЖНИ МЕСТА НА **СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.**
*Акцијата почнува од 1 април.

Ова е место за вашите
**мали огласи**



купи,
продај,
барај,
најди...

По цена од само
**240 денари**
неделно

Информации на телефон
389 **02 55 11 763**


- **БАРАМ** поефтина куќа / викендица со минимум 1000м² двор / земја во Скопско со имотен лист, струја, вода и канализација. ✆ **077/427-150**
- **СЕ ПРОДАВА** нива с.Стајковци 1000 м², 500 м од центарот на селото од десна страна 2 ред. Цена 20 евра квадрат. ✆ **070/206-997**
- **КУПУВАМ** стан до 45 м², до втори-трети кат по можност да има лифт, во реон Ѓорче Петров, Влае, Хром. ✆ **070/230-326**
- **СЕРВИСИРАЊЕ** на сите видови машини за перење садови, бојлери и шпорети сите видови фрижидери, климатизери и хемиско чистење на климатизери како и други електрични апарати. ✆ **077/834-992**
- **СЕ ИЗДАВА** деловен простор од 25м² во близина на Железничка станица, Гевгелија. Погоден за канцеларија или студио. ✆ **078/625-509**
- **СЕ ПРОДАВА** стан од 45м² во строг центар на Гевгелија, со поглед на плоштад. ✆ **078/625-509**
- **ПРОДАВАМ** куќа во населба Карпош 1 (позади БУГАТИ спроти хотел „Монако") ул.Беджих Сметана бр.8 плац 330 м², станбена површина 330м², 165 м² по спрат. Цена 297.000 евра. ✆ **070/206-997**
- **СЕ ПРОДАВААТ** два прага (лев и десен) за Пунто 2. Чичка нови! Цена: 100 евра. ✆ **070 328 932**
- **СЕ ПРОДАВА** телевизор Sony KDL40 NX700 BRAVIA LED висока класа на SONY, купен од „Телеком" 98.000.00 ден. со 5 год. гаранција. Гаранцијата е завршена! Екранот е заштитен со стакло. Цена 23.000 денари. ✆ **070/206-997**
- **ИТНО! ПРОДАВАМ** нов лежај (190Х80) со можност за отварање (190Х160). Лежајот е со модерен дизајн во бела боја, погоден за детска соба или мал простор. ✆ **070 464 597 (после 17 часот)**
- **СЕ ПРОДАВА** атрактивен плац во Струмица со маркица за градење, во месноста викана Берлик (во непосредна близина на транзитниот пат). Цена:55 000 ЕУР Површина: 1035 м². ✆ **072 443 884**


Скопје 89,7
Битола 106,0
Штип 103,0
Струмица 106,0
Охрид 105,4
Тетово 101,9
Гевгелија 101,5

КАНАЛ 77
МАГИЈА ВО ЕТЕРОТ
\KANAL77
#KANAL77
RadioMrezaKanal77
\KANAL77


Нотарот Иво Серафимоски со службено седиште во ул.Дервиш Цара, бр.2/1, Тетово, согласно со член 80 став (2) или (3) од Законот за нотаријатот („ Сл. Весник на РМ ˝ бр.72/16 и), и ја издава следната

### ОБЈАВА ЗА ЈАВНА ДОСТАВА НА ПИСМЕНО

1.На учесникот **Фатон Амети ул.101 бр.бб, с.Бродец**, се врши јавна достава на решението за издавање на нотарски платен **НПН887/18 од 11.09.2018 година.**

2. Се повикува учесникот **Фатон Амети ул.101 бр.бб, с.Бродец**, во рок од 8 дена сметано од последното објавување во дневниот весник да се јави во службеното седиште на Нотарот со цел да го подигне решението означено во точка (1) од јавна објава.

3. Се предупредува учесникот дека ваквиот начин на доставата се смета за уредна достава и дека штетните последици кои можат да настанат поради правосилност и извршност на решението ги сноси самиот учесник.

4. Во случај на непостапување на учесникот по точка по точка (2) од Јавната објава, се смета дека истиот е уредно известен за писменото –решението за издавање на нотарскиот платен налог **НПН887/18 од 11.09.2018 година.**

**Нотар Иво Серафимоски**


## ОБЈАВЕТЕ НЕКРОЛОГ СЕГА – ПЛАТЕТЕ КОГА ЌЕ МОЖЕТЕ

Со оглед на ситуацијата со Ковид-19, Слободен печат им излегува во пресрет на своите читатели кои не во можност да платат веднаш поради рестрикцијата на движење.

**ОБЈАВЕТЕ НЕКРОЛОГ СЕГА, А ПЛАТЕТЕ КОГА ЌЕ БИДЕТЕ ВО МОЖНОСТ.**

Сите жални вести, помени и последни поздрави можете да ги испратите на маилот: **office@pecat.mk** или на телефонот **072 229 255 (на Вибер)**, секој ден од 9 до 13ч.

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ СЕКОГАШ НА СТРАНАТА НА НАРОДОТ**


## НЕКРОЛОЗИ | Тел: (02) 55 11 763



**Годишен помен**

Во сабота на 11.4.2020 се навршува една година без нашата сакана сопруга, мајка и баба

**НАДА МИСИРКОВА – ПЕТРОВСКА**

Од сопругот, синот и ќерката со семејствата



**Годишен помен**

Во сабота на 11. 4. 2020 се навршува една година без нашата сакана

**НАДА МИСИРКОВА – ПЕТРОВСКА**

Од сестрата Василка Мисиркова и внуците со нивните семејства


**Можете да нè најдете на адреса**

**работно време: понеделник - петок 8:00 - 16:00**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.**
на нова локација во ГТЦ




**„Кеј 13 Ноември", ГТЦ втор кат, локал 12 Д.Е.235, 1000 Скопје**

секогаш на страната на народот

WWW.SLOBODENPECAT.MK

СП. СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
Мозаик
Четврток 9 април 2020 |
Број 1931 | Година VII |

**Уште едно бебе на пат!**

## Алек Болдвин и сопругата го очекуваат петтото дете

• Славниот актер Алек Болдвин на 62 години го очекува петтото дете со сопругата Хилари.

Инструкторката по јога Хилари пред четири месеци имаше една неуспешна бременост, а сега објави дека повторно е трудна.

Под објавата на Инстаграм, во која парот ја соопштува оваа вест, наизменично се менуваат пораки, од честитки, до оние што ѝ порачуваат дека треба да престанат, односно дека на нејзиното тело му треба одмор. Хилари и Алек Болдвин се веќе осум години во брак, а за тоа време веќе ја добија ќерката Кармен Габриел, како и синовите Ромео, Леонардо и Рафаел.



Актерот по шести пат ќе стане татко, бидејќи од бракот со поранешната сопруга Ким Бесинцер ја има ќерката Ајрленд Болдвин.

**„Еден свет: Заедно дома“.**



## Леди Гага, Пол Макартни и Били Ајлиш подготвуваат голем концерт од своите домови

• Пејачката Леди Гага со организацијата „Глобал ситизен“ досега собра 35 милиони долари за борба против коронавирусот, а ќе организира и специјално ТВ-шоу, во кое, меѓу другите, ќе учествуваат и Пол Макартни, Стиви Вондер и Били Ајлиш. Гага потенцираше дека парите се собрани за седум дена и дека ќе бидат испратени до Светската здравствена организација (СЗО), пренесува АП.

За да се соберат дополнителни средства што ќе бидат наменети за фондациите и здравствените работници што се борат со коронавирусот, ќе биде организиран концертот насловен „Еден свет: Заедно дома“, кој всушност ќе биде виртуелна телевизиска манифестација, со која ќе им се оддаде признание на здравствените работници. Емисијата ќе се емитува истовремено на Еј-би-си, Ен-би-си, Си-би-ес и Хартмедија и Белмедија на 18 април, во 20 часот. Повеќечасовната програма исто така ќе ја пренесуваат и стриминг-платформите Јутјуб, Епл, Фејсбук, Инстаграм, Твитер.

**В недела од 19 часот.**



## Андреа Бочели за Велигден ќе настапи во празната катедрала Дуомо

• Познатиот италијански тенор Андреа Бочели на католички Велигден ќе настапи во празната катедрала Дуомо во Милано, а настапот ќе се емитува преку Јутјуб од 19 часот.

- Тоа нема да биде концерт туку шанса да се помолиме заедно. Ќе биде молитва за Милано и за целиот свет, соочен со болни и тажни случувања. Да испратиме порака за Велигден, порака на љубов и прошка - потенцирал тенорот.

Композициите за оваа пригода биле внимателно избрани, а меѓу нив ќе бидат омилените „Аве Марија“ и „Санта Марија“. Поканата за оваа необична и емотивна изведба дошла од градоначалникот на Милано, Џузепе Сала, а самиот концерт е симболично наречен „Музика за надеж“ и претставува силна порака за љубов и надеж за Италија и за целиот свет.

**Маје Маск** Се придржува само на неколку навики

# Мајката на Елон Маск има 72, а изгледа како да има 30 години

**Мајката на Елон Маск сама одгледала три деца, а честопати дури немале ни за леб. Но, се извлекла од сите проблеми благодарение на нејзиниот непоколеблив дух и упорност, а истата форма за успех им ја советува и на своите читатели.**

Денес, на 72-годишна возраст, Маје Маск, манекенка и нутриционистка, мајка на милијардерот Елон Маск, го живее животот што отсекогаш го посакувала, но патот што го поминала за да стаса дотаму, не бил нималку лесен. Претрпела многу животни проблеми, малтретирање, тежок развод и успешно израснала три деца. Меѓу нејзините најголеми успеси, а навистина ги има многу, го вклучува и фактот дека во 2017 година стана најстарото заштитно лице во историјата на една козметичка компанија.

- Не можете да контролирате сè што се случува, но можете да создадете живот што го сакате на која било возраст. Треба само да направите план - вели Маје.

Она на што ѝ завидуваат и многу помлади девојки е нејзиниот совршен изглед. Иако таа веќе е во осмата деценија од животот, има тело на 30-годишна. Маје ги следи овие правила и никогаш не ги прекршува.

### Направете добар распоред

Јадете кога сте гладни, но и кога не сте толку гладни, бидејќи тоа ќе ве спречи да се прејадете подоцна. Обично умирам од глад околу пладне, затоа се навикнав да изедам половина ручек околу 10:30, а остатокот околу 12 часот, открива Маје.

### Јадете го она што го сакате

Ако не ви се допаѓа вкусот, не јадете и не пијте го тоа, без оглед колку е здраво, пронајдете ја алтернативата што ви се допаѓа, советува Маје.

### Дозволете си мала слабост одвреме-навреме

Мојот син отвори ресторан. Многу ќе јадам




на отворањето, тоа го знаев веднаш. Но, следниот ден станав и појадував голема порција овесна каша. Не верувам во тоа дека ако изедете нешто што „не треба“, за тоа мора да „платите“ со убиствено вежбање. Само се враќам на поздравата или помалку калоричната храна. Важен е балансот.

### Радувајте се на животот

Не исцрпувајте се со вежбање и не јадете го она во што не уживате. Сè во животот треба да биде умерено. Кога го јадете она што го сакате, тогаш ќе бидете расположени. А, доброто чувство се гледа на лицето и на телото. Само задоволна жена може да изгледа добро.

### Славете го секој ден

Кога слушам дека некој доживеал несреќа или е болен, секогаш си велам: „Зошто треба да избегнувам нешто во што можам да уживам?“ Навистина мора да уживате во тоа секој ден.






**Првпат во историјата.**

## Насловната на италијански „Вог“ остава без зборови

• Италијанското издание на магазинот „Вог“ излегува на 10 април, а неговата насловна е повеќе од симболична. Наместо некоја манекенка или актерка која инаку ги краси насловните страници на овој магазин, уредниците се определиле за бела, речиси целосно празна насловна. Освен името на магазинот и месецот во кој е објавен, на насловната страница нема апсолутно ништо.

– Во својата долга историја што се протега повеќе од 100 години, „Вог“ помина низ војни, кризи, терористички напади. Неговата благородна традиција е никогаш да не гледа на другата страна. Пред помалку од две недели требаше да го печатиме изданието што го планиравме извесно време. Но, сега да се зборува за што било друго, додека луѓето умираат, а лекарите и медицинските сестри ги ризикуваат своите животи и светот се менува засекогаш, не е во ДНК на „Вог Италија“. Одлуката првпат во нашата историја да испечатиме потполно бела насловна не е затоа што недостасуваа фотографии – токму спротивното. Ја избравме, бидејќи белата боја симболизира многу работи истовремено – порачала редакцијата предводена од главниот и одговорен уредник Емануеле Фарнети.

Оттаму, исто така, објасниле и што за нив значи белата боја.

– Белото е, пред сè, почитување.




Белата боја е повторното раѓање, светлина по темнината, збирот на сите бои. Белото е бојата на униформата што ја носат оние што ги стаавaт своите животи на првата линија за да ги спасат нашите. Тоа претставува простор и време за размислување, како и за молчење. Белото е за оние што ова празно време и простор го исполнуваат со идеи, размислувања, приказни, стихови, музика и грижа за другите. Белата боја нè потсетува на времињата по кризата во 1929 година, кога оваа беспрекорна боја преовладуваше на облеката како израз на чистота во сегашноста и надежта во иднината. И пред сè, белата боја не е предавање, туку празен лист што чека да биде исполнет, насловна страница на нова приказна што штотуку треба да почне – додале од „Вог“.